ТЕХ. БР. 75/22-У

ЗУМ ПРОЕКТ
СКОПЈЕ
email: zumproekt@zumproekt.mk

ДРУШТВО ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ, РЕВИЗИЈА И НАДЗОР
ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје
бул. Јане Сандански бр. 59-1/1 мезанин, Скопје
e-mail: zumproekt@zumproekt.mk

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ

ЗА ПАРЦЕЛИРАНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА РАЗРАБОТКА НА ГП 6.1 ОД ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 05 ПОМЕЃУ БУЛ. ИЛИНДЕН, БУЛ. 8-МИ СЕПТЕМВРИ, БУЛ. ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕДИ И УЛ. ЉУБЉАНСКА, СО НАМЕНА А2 – ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ,

ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ

Ivo Gjorgjiev

Digitally signed by Ivo Gjorgjiev
DN: C=MK, OU=VAT - 4030002602424, OID.2.5.4.97=NTRMK-6135897, O=ZUM PROEKT, SERIALNUMBER=182866, T=Ovlasteno lice, SN=Gjorgjiev, G=Ivo, CN=Ivo Gjorgjiev
Reason: I am the author of this document
Location:
Date: 2023.10.04 15:53:33

Октомври 2023

Bojan Mulichkovski

Digitally signed by Bojan Mulichkovski
DN: c=MK, ou=VAT - 4057015528431, 2.5.4.97=NTRMK-7023499, o=DTU BILD URBAN DOOEL Skopje, serialNumber=160518, title=Upravitel, sn=Mulichkovski, givenName=Bojan, cn=Bojan Mulichkovski
Date: 2023.10.04 18:21:34 +02'00'

МЕСТО: населба Карпош 3
Општина Карпош

НАРАЧАТЕЛ: ДГТУ ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ Скопје

ПРЕДМЕТ: Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за разработка на ГП 6.1 од ДУП за Градска четврт З 05 помеѓу Бул. Илинден, Бул. 8-ми Септември, Бул. Партизански одреди и ул. Љубљанска, со намена А2 – Домување во станбени згради, Општина Карпош, Скопје

ИЗВРШИТЕЛ: ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје

УПРАВИТЕЛ: Иво Ѓорѓиев, дипл. инж. арх.

АДРЕСА: бул. „Јане Сандански" БР. 59-1/1 мезанин, Скопје

e-mail: zumproekt@zumproekt.mk

РАБОТЕН ТИМ: Иво Ѓорѓиев, дипл. инж. арх., планер потписник
овластување бр. ***0.0101***

ТЕХНИЧКИ БРОЈ: 75/22-У

ДАТУМ НА ИЗРАБОТКА: Октомври 2023

СОДРЖИНА:

1. ОПШТ ДЕЛ 6

2. ПЛАНСКИ ДЕЛ 14

2.1. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ 15

2.1.1. Проектна програма 16

2.1.1.1. Вовед 16

2.1.1.2. Проектни барања за градбите во рамките на проектниот опфат 18

2.1.1.3. Проектни барања за инфраструктурата 19

2.1.1.4.1. Сообраќајна инфраструктура 19

2.1.1.4.2. Хидротехничка инфратруктура 19

2.1.1.4.3. Електротехничка инфратруктура 20

2.1.1.4. Методологија 20

2.1.2. Инвентаризација на снимен изграден градежен фонд, вкупна физичка супраструктура и инфраструктура во рамки на проектниот опфат 21

2.1.2.1. Инвентаризација на снимениот изграден градежен фонд и вкупната физичка супраструктура 21

2.1.2.2. Инвентаризација на сообраќајната инфраструктура 21

2.1.2.3. Инвентаризација на хидротехничката инфраструктура 22

2.1.2.4. Инвентаризација на електротехничката инфраструктура 22

2.1.3. Опис и образложение на проектниот концепт на урбанистичкото решение во градежните парцели 23

2.1.3.1. Дејности и активности кои се одвиваат во градбите во градежната парцела со нумерички показатели на урбанистичките параметри за секоја градба поединечно 23

2.1.3.2. Внатрешни сообраќајници и начин на обезбедување на потребен број на паркинг места 25

2.1.3.2.1. Стационарен сообраќај 25

2.1.3.2.2. Нивелетско решение 26

2.1.3.3. Партерно решение со хортикултура 26

2.1.3.4. Водови и инсталации на инфраструктурите 27

2.1.3.4.1. Водоснабдување 27

2.1.3.4.2. Фекална канализација 27

2.1.3.4.3. Атмосферска канализација 28

2.1.3.4.4. Топловодна инфраструктура 28

2.1.3.4.5. Гасоводна инфраструктура 28

2.1.3.4.6. Електроенергетска инфраструктура 29

2.1.3.4.7. Телекомуникациска инфраструктура 30

2.1.4. Детални услови за проектирање и градење 31

2.1.5. Мерки за заштита 39

2.1.6.1. Мерки за заштита на животната средина 39

2.1.6.1.1. Мерки за заштита на воздухот 40

2.1.6.1.2. Мерки за заштита на водите 40

2.1.6.1.3. Мерки за заштита на почвата 40

2.1.6.1.4. Мерки за заштита од бучава 40
2.1.6.1.5. Мерки за управување со отпадот 41
2.1.6.1.6. Мерки за заштита на биодиверзитетот 41
2.1.6.2. Мерки за заштита и спасување 41
2.1.6.2.1. Засолнување 44
2.1.6.2.2. Заштита и спасување од поплави 44
2.1.6.2.3. Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи 45
2.1.6.2.4. Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства 46
2.1.6.2.5. Заштита и спасување од урнатини 46
2.1.6.2.6. Заштита и спасување од свлекување на земјиштето 47
2.1.6.2.7. Спасување од сообраќајни несреќи 47
2.1.6.2.8. Евакуација 47
2.1.6.2.9. Згрижување на загрозеното и настраданото население 48
2.1.6.2.10. Радиолошка, хемиска и биолошка заштита 48
2.1.6.2.11. Прва медицинска помош 48
2.1.6.3. Мерки за обезбедување на пристапност за лица со инвалидност 48
2.1.6.4. Мерки за заштита на природното и културното наследство 49
2.1.6.4.1. Мерки за заштита на природното наследство 49
2.1.6.4.2. Мерки за заштита на културното наследство 49
2.1.7. Прилози 51
1. Полномошно со нотарска заверка бр. УЗП 8038/2022 од 01.07.2022 год.
2. Имотен лист бр. 55471, КО Карпош
3. Имотен лист бр. 42667, КО Карпош
4. Имотен лист бр. 80571, КО Карпош
5. Имотен лист бр. 4923, КО Карпош
6. Имотен лист бр. 42668, КО Карпош
7. Извод од план бр. 879/2023 – за ГП 6.1, бр. 47-6944/2 од 04.10.2023 год.
8. Геодетски елаборат за ажурирана геодетска подлога
9. Податоци и информации од институции обезбедени во „ПИМ" постапка бр. 43415

2.2. ГРАФИЧКИ ДЕЛ 52
1. Ситуација со пошироко опкружување ..... М = 1:25000
2. Сателитска снимка ..... М = 1:2000
3. Извод од урбанистички план со нанесен проектен опфат
3.1. Постоен ДУП – Синтезен план ..... М = 1:1000
3.2. Постоен ДУП – Подземно паркирање ..... М = 1:1000
3.3. Постоен ДУП – Сообраќаен и нивелациски план ..... М = 1:1000
3.4. Постоен ДУП – Инфраструктурен план – хидротехничка инфр. ..... М = 1:1000
3.5. Постоен ДУП – Инфраструктурен план – електротехничка инфр. ..... М = 1:1000
4. Ажурирана Геодетска подлога ..... М = 1:1000
5. Инвентаризација на снимен изграден градежен фонд, вкупна физичка супраструктура и инфраструктура во рамките на проектниот опфат ..... М = 1:1000
6. Табела со нумеричките показатели на урбанистичките параметри за проектниот опфат

7. Табела со нумеричките показатели на урбанистичките параметри за градбите во проектниот опфат

8. Урбанистичко решение – Површини за градење ..... М = 1:1000

9. Урбанистичко решение – Подземни површини за градење..... М = 1:1000

10. Урбанистичко решение – Внатрешен сообраќај и нивелманско решение М = 1:1000

11. Урбанистичко решение – Приклучни точки за сите водови и градби на хидротехничката инфраструктура ..... М = 1:1000

12. Урбанистичко решение – Изолиран приказ на водовите на хидротехничката инфраструктура ..... М = 1:1000

13. Урбанистичко решение – Приклучни точки за сите водови и градби на електротехничката инфраструктура ..... М = 1:1000

14. Урбанистичко решение – Синтезен приказ ..... М = 1:1000

3. ПРОЕКТЕН ДЕЛ 53

1. Идеен проект за градежната парцела 6.1 53

1. ОПШТ ДЕЛ

Број: 0809-50/150120230020461

Датум и време: 7.8.2023 г. 13:20:05

П О Т В Р Д А

за регистрирана дејност

ТЕКОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	6135897
Назив:	Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје
Седиште:	БУЛЕВАР ЈАНЕ САНДАНСКИ бр.59-1/1-МЕЗАНИН СКОПЈЕ - АЕРОДРОМ, АЕРОДРОМ

ПОДАТОЦИ ЗА РЕГИСТРИРАНА ДЕЈНОСТ	
Предмет на работење:	Регистрирана е општа клаузула за бизнис
Приоритетна дејност/ главна приходна шифра:	71.12 - Инженерство и со него поврзано техничко советување
Други дејности во внатрешниот промет:	Нема
Евидентирани дејности во надворешниот промет:	Има
Одобренија, дозволи, лиценци, согласности:	Нема

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Изготвил:

Овластено лице:

Број: 0805-50/150120230020460

Датум и време: 7.8.2023 г. 13:19:53

ТЕКОВНА СОСТОЈБА

ПОДАТОЦИ ЗА СУБЈЕКТОТ	
ЕМБС:	6135897
Целосен назив:	Друштво за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје
Кратко име:	ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје
Седиште:	БУЛЕВАР ЈАНЕ САНДАНСКИ бр.59-1/1-МЕЗАНИН СКОПЈЕ - АЕРОДРОМ, АЕРОДРОМ
Вид на субјект на упис:	ДОО
Датум на основање:	24.1.2002 г.
Деловен статус:	Активен
***Вид на сопственост:**	Приватна
ЕДБ:	4030002602424
Потекло на капиталот:	Домашен
Големина на субјектот:	мал
Организационен облик:	05.3 - друштво со ограничена одговорност
Надлежен регистар:	Трговски Регистар

ОСНОВНА ГЛАВНИНА	
Паричен влог MKD:	0,00
Непаричен влог MKD:	155.177,00
Уплатен дел MKD:	155.177,00
Вкупно основна главнина MKD:	155.177,00

СОПСТВЕНИЦИ	
Име и презиме/Назив:	ИВО ЃОРЃИЕВ
Адреса:	КОЗЛЕ бр.122А СКОПЈЕ, КАРПОШ
Тип на сопственик:	Содружник
Паричен влог MKD:	0,00
Непаричен влог MKD:	82.098,00

Уплатен дел MKD:	82.098,00
Вкупен влог MKD:	82.098,00

Име и презиме/Назив:	АНА ЃОРЃИЕВА
Адреса:	КОЗЛЕ бр.122А СКОПЈЕ, КАРПОШ
Тип на сопственик:	Основач/сопственик
Паричен влог MKD:	0,00
Непаричен влог MKD:	73.079,00
Уплатен дел MKD:	73.079,00
Вкупен влог MKD:	73.079,00

ДЕЈНОСТИ	
Приоритетна дејност/ Главна приходна шифра:	71.12 - Инженерство и со него поврзано техничко советување
ОПШТА КЛАУЗУЛА ЗА БИЗНИС	
Евидентирани се дејности во надворешниот промет	
Други дејности:	надворешна трговија со прехрамбени производи надворешна трговија со непрехрамбени производи посредување и застапување во прометот со стоки и услуги посредување и застапување во услужните дејности реекспорт консигнација агенциски услуги во транспортот комисиони работи туристички работи и услуги меѓународен транспорт на стоки и патници меѓународна шпедиција застапување на странски фирми деловни и менаџмент консултански активности

ОВЛАСТУВАЊА

Управител

Име и презиме:	ИВО ЃОРЃИЕВ
Адреса:	КОЗЛЕ бр.122-А СКОПЈЕ, КАРПОШ
Овластувања:	Управител без ограничување - занимање: ВСС
Тип на овластување:	Неограничени овластувања во внатрешниот и надворешниот промет
Овластено лице:	Управител

ДОПОЛНИТЕЛНИ ИНФОРМАЦИИ	
КОНТАКТ	
E-mail:	zumproekt@zumproekt.mk

Напомена:
Во тековната состојба прикажани се само оние податоци за кои има запишана вредност.

*Видот на сопственоста се определува врз основа на својството на основачот/содружникот /сопственикот и служи исклучиво за статистички цели на Државниот завод за статистика на Република Северна Македонија

Правна поука: Против овој реален акт може да се изјави приговор до Централниот регистар на Република Северна Македонија во рок од 8 дена од денот на приемот.

Изготвил:

Овластено лице:

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ
СКОПЈЕ

Врз основа на член 68 став (2) од Законот за просторно и урбанистичко планирање, Министерството за транспорт и врски издава

Л И Ц Е Н Ц А

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

на

Друштво за проектирање, ревизија и надзор
ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје
БУЛЕВАР ЈАНЕ САНДАНСКИ БР.59-1/1-МЕЗАНИН
СКОПЈЕ- АЕРОДРОМ, АЕРОДРОМ
ЕМБС: 6135897

(назив, седиште, адреса и ЕМБС на правното лице)

СО ДОБИВАЊЕ НА ОВАА ЛИЦЕНЦА ПРАВНОТО ЛИЦЕ СЕ СТЕКНУВА СО ПРАВО ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ И УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТИ

Лиценцата се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека правното лице ги исполнува условите за издавање на лиценцата пропишани со овој закон.

Број: 0058
25.11.2021 година
(ден, месец и година на издавање)

МИНИСТЕР ЗА ТРАНСПОРТ И ВРСКИ

Благој Бочварски

Врз основа на Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 32/20 и 111/23) и Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), а во врска со изработка на **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ПАРЦЕЛИРАНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА РАЗРАБОТКА НА ГП 6.1 ОД ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 05 ПОМЕЃУ БУЛ. ИЛИНДЕН, БУЛ. 8-МИ СЕПТЕМВРИ, БУЛ. ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕДИ И УЛ. ЉУБЉАНСКА, СО НАМЕНА А2 – ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ**, Друштвото за проектирање, ревизија и надзор ЗУМ ПРОЕКТ ДОО Скопје го издава следното

Р Е Ш Е Н И Е

ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ НА ПЛАНЕР

За изработка на **УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ПАРЦЕЛИРАНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА РАЗРАБОТКА НА ГП 6.1 ОД ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 05 ПОМЕЃУ БУЛ. ИЛИНДЕН, БУЛ. 8-МИ СЕПТЕМВРИ, БУЛ. ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕДИ И УЛ. ЉУБЉАНСКА, СО НАМЕНА А2 – ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ**, со технички број **75/22-У**, се назначува:

Овластен планер – Планер потписник:

Иво Ѓорѓиев, дипл. инж. арх., овл. бр. **0.0101**

Планерот е должен Урбанистичкиот проект да го изработи согласно Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 32/20 и 111/23) и Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), како и другите важечки прописи и нормативи од областа на проектирањето и урбанизмот.

УПРАВИТЕЛ,

Иво Ѓорѓиев, дипл. инж. арх.

Република Северна Македонија
КОМОРА НА ОВЛАСТЕНИ АРХИТЕКТИ
И ОВЛАСТЕНИ ИНЖЕНЕРИ

Врз основа на член 67, став (10) од Законот за урбанистичко планирање,
(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 32 од 10 февруари 2020 г.)
Комората на овластени архитекти и овластени инженери издава

ОВЛАСТУВАЊЕ

ЗА ИЗРАБОТУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

на

ИВО ЃОРЃИЕВ

дипломиран инженер архитект (NQF VII-1)

Овластувањето се издава на НЕОПРЕДЕЛЕНО ВРЕМЕ и важи се додека лицето носител на овластувањето ги исполнува условите пропишани во овој закон и во статутот на комората

Број: **0.0101**

Издадено на: 16.10.2020 год.

Претседател на
Комората на овластени архитекти
и овластени инженери

Проф. д-р Миле Димитровски
дипл.маш.инж.

2. ПЛАНСКИ ДЕЛ

2.1. ТЕКСТУАЛЕН ДЕЛ

Постапката за изготвување на Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за разработка на ГП 6.1 од ДУП за Градска четврт З 05 помеѓу Бул. Илинден, Бул. 8-ми Септември, Бул. Партизански одреди и ул. Љубљанска, со намена А2 – Домување во станбени згради, Општина Карпош, Скопје е започната по барање на Инвеститорот: ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ Скопје, сопственик на земјиштето во рамки на проектниот опфат, а видно од имотни листови бр. 42667, 42668, 55471 и 80571, КО Карпош.

Локалитетот се наоѓа на подрачјето на населбата Карпош 3, на територија на Општина Карпош, Скопје. Проектниот опфат ги опфаќа во целост КП 1801/5, КП 1801/7, КП 1801/8 и КП 1801/9, како и делови од КП 1801/2, КП 1801/3 и КП 1814/2, КО Карпош, Општина Карпош.

Подрачјето е опфатено со важечкиот Детален урбанистички план за Градска четврт З 05 помеѓу Бул. Илинден, Бул. 8-ми Септември, Бул. Партизански одреди и ул. Љубљанска, Општина Карпош, Скопје (Одлука бр. 07-7546/4 од 06.11.2013 год.).

Со овој детелен урбанистички план земјиштето под предметните катастарски парцели е планирано во склоп на една градежна парцела (ГП 6.1), за која е задаен услов за понатамошна разработка со архитектонско – урбанистички проект. Овој детален урбанистички план е донесен согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12 и 55/13). Истиот се спроведува согласно Член 97 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 32/20 и 111/23); поточно, за планската одредба од важечкиот ДУП со која е предвидена изработка на архитектонско – урбанистички проект се применуваат одредбите за изработка на урбанистички проект од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 32/20 и 111/23).

Оттаму, пристапено е кон изработка на **Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за разработка на ГП 6.1 од ДУП за Градска четврт З 05 помеѓу Бул. Илинден, Бул. 8-ми Септември, Бул. Партизански одреди и ул. Љубљанска, со намена А2 – Домување во станбени згради, Општина Карпош, Скопје**, согласно зададените услови од важечкиот Детален урбанистички план за Градска четврт З 05 помеѓу Бул. Илинден, Бул. 8-ми Септември, Бул. Партизански одреди и ул. Љубљанска, Општина Карпош, Скопје (Одлука бр. 07-7546/4 од 06.11.2013 год.), како и согласно Член 58 став (2) точка 1 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 32/20 и 111/23) и Член 52 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

Самиот Урбанистичкиот проект е изработен во склад со зададените услови со важечкиот ДУП за Градска четврт З 05 помеѓу Бул. Илинден, Бул. 8-ми Септември, Бул. Партизански одреди и ул. Љубљанска, Општина Карпош, Скопје, со Законот урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 32/20 и 111/23), Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), како и останатата релевантна позитивна законска и подзаконска регулатива од областа на урбанистичкото планирање и проектирање.

2.1.1. ПРОЕКТНА ПРОГРАМА

ПРЕДМЕТ: Проектна програма
ПРОЕКТ: Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште
НАМЕНА: А2 – Домување во станбени згради
ЛОКАЦИЈА: КП 1801/5, 1801/7, 1801/8, 1801/9, 1801/2, 1801/3 и 1814/2, КО Карпош, населба Карпош 3, Општина Карпош, Скопје

2.1.1.1. ВОВЕД

Локалитетот се наоѓа на подрачјето на населбата Карпош 3, на територија на Општина Карпош, Скопје. Проектниот опфат ги опфаќа во целост КП 1801/5, КП 1801/7, КП 1801/8 и КП 1801/9, како и делови од КП 1801/2, КП 1801/3 и КП 1814/2, КО Карпош, Општина Карпош.

Подрачјето е опфатено со важечкиот Детален урбанистички план за Градска четврт З 05 помеѓу Бул. Илинден, Бул. 8-ми Септември, Бул. Партизански одреди и ул. Љубљанска, Општина Карпош, Скопје (Одлука бр. 07-7546/4 од 06.11.2013 год.).

Со овој детелен урбанистички план земјиштето под предметните катастарски парцели е планирано во склоп на една градежна парцела (ГП 6.1), за која е задаен услов за понатамошна разработка со архитектонско – урбанистички проект. Овој детален урбанистички план е донесен согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" број 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12 и 55/13). Истиот се спроведува согласно Член 97 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 32/20 и 111/23); поточно, за планската одредба од важечкиот ДУП со која е предвидена изработка на архитектонско – урбанистички проект се применуваат одредбите за изработка на урбанистички проект од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 32/20 и 111/23).

Оттаму, потребно е да се изработи **Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за разработка на ГП 6.1 од ДУП за Градска четврт З 05 помеѓу Бул. Илинден, Бул. 8-ми Септември, Бул. Партизански одреди и ул. Љубљанска, со намена А2 – Домување во станбени згради, Општина Карпош, Скопје**.

Границите на проектниот опфат коинцидираат со границите на горенаведената градежна парцела 6.1 од ДУП за Градска четврт З 05 помеѓу Бул. Илинден, Бул. 8-ми Септември, Бул. Партизански одреди и ул. Љубљанска, Општина Карпош, Скопје. Истата ги опфаќа во целост катастарските парцели КП 1801/5, КП 1801/7, КП 1801/8 и КП 1801/9, како и делови од КП 1801/2, КП 1801/3 и КП 1814/2, КО Карпош, Општина Карпош.

Границата на проектниот опфат се движи како што следи:

- на **исток** границата започнува од најисточната точка 1 на тромеѓето помеѓу КП 1814/2, КП 1802 и КП 1820 и се движи во јужен правец долж границата на КП 1814/2 со КП 1802 и КП 1801/2. Помеѓу прекршните точки 4 и 5 границата на проектниот опфат ја сече КП 1801/2, па продолжува долж границата на КП 1801/3 со КП 1801/2 и КП 1802, КО Карпош, сè до најјужната точка 7.

- на **југ** границата продолжува во западен правец долж границата на КП 1801/3 со КП 1802, КО Карпош, сè до прекршната точка 8.

- на **запад** границата се движи во северен правец, отврвин сечејќи ја КП 1801/3 (помеѓу прекршните точки 8 и 10), а потоа продолжува во истиот правец сечејќи ја КП 1801/5, сè до прекршната точка 16. Помеѓу точките 16 и 17 граница се движи долж границата на КП 1801/5 со КП 1801/6, п апродолжува долж границата на КП 1801/8 со КП 1801/6, сè до прекршната точка 18. Оттука продолжува долж границата на КП 1814/2 со

КП 1801/6, сè до прекршната точка 19, од каде продолжува во истиот правец сечејќи ја КП 1814/2, КО Карпош, сè до најсеверната точка 24.

- на **север** границата продолжува во источен правец сечејќи ја КП 1814/2, КО Карпош, сè до почетната точка 1.

Границата на проектниот опфат може да се опише и преку координатите на прекршните точки, како што следи:

РЕДЕН БРОЈ	Y	X	
1	7533950,8200	4651107,8000	НАЈИСТОЧНА
2	7533947,9000	4651091,2800	
3	7533944,6900	4651091,8400	
4	7533943,6100	4651092,0300	
5	7533943,1800	4651089,4500	
6	7533944,1800	4651089,2500	
7	7533935,7400	4651041,8000	НАЈЈУЖНА
8	7533875,2965	4651053,3346	
9	7533877,3533	4651065,7615	
10	7533876,0949	4651065,9668	
11	7533874,5677	4651066,3572	
12	7533873,2418	4651067,3751	
13	7533872,4578	4651068,6271	
14	7533872,0843	4651070,0719	НАЈЗАПАДНА
15	7533872,1687	4651071,1809	
16	7533877,0692	4651100,7881	
17	7533877,2900	4651100,7500	
18	7533877,7200	4651103,5000	
19	7533877,5237	4651103,5343	
20	7533879,3894	4651114,8059	
21	7533879,9656	4651116,7403	
22	7533881,0622	4651118,2595	
23	7533882,8213	4651119,5845	
24	7533884,8888	4651120,2584	НАЈСЕВЕРНА
25	7533887,1496	4651120,1929	

Најисточна е точката број **1** со координати Y=7533950,8200 и X=4651107,8000.

Најјужна е точката број **7**, со координати Y=7533935,7400 и X=4651041,8000.

Најзападна е точката број **14**, со координати Y=7533872,0843 и X=4651070,0719.

Најсеверна е точката број **24**, со координати Y=7533884,8888 и X=4651120,2584.

Вкупната површина на проектниот опфат во рамките на опишаните граници изнесува **4569m²**, односно **0,46ha**.

Периметарот на проектниот опфат изнесува **275,73m'**.

Согласно потребите на Инвеститорот ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ Скопје, потребно е да се изработи **Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за разработка на ГП 6.1 од ДУП за Градска четврт З 05 помеѓу Бул. Илинден, Бул. 8-ми Септември, Бул. Партизански одреди и ул. Љубљанска, со намена А2 – Домување во станбени згради, Општина Карпош, Скопје**, а во сè во склад со зададените услови со важечкиот Детален урбанистички план за Градска четврт З 05 помеѓу Бул. Илинден, Бул. 8-ми Септември, Бул. Партизански одреди и ул. Љубљанска, Општина Карпош, Скопје (Одлука бр. 07-7546/4 од 06.11.2013 год.), како и членовите 58 – 62 од Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 32/20 и 111/23).

2.1.1.2. ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ГРАДБИТЕ ВО РАМКИТЕ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

Локацијата во постојна состојба е нереализирано градежно земјиште.

Потребно е да се предвиди еден објект со зададената основна класа на намена А2 - Домување во згради [со важечкиот ДУП е зададена основната класа на намена „А2 – Домување во станбени згради", која со урбанистичкото решение е прилагодена на уптребената терминологија за класи на намена од Членот 77 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23)]. Со урбанистичкото решение не треба да се искористуваат максималните можни вредности за катност и вкупна бруто развиена површина, односно решението треба да се рационализира и прилагоди, со цел овозможување на реални услови за реализација, со задоволување на потребите за паркирање и пропишаниот минимален процент на озеленетост на градежната парцела.

Урбанистичкото решение од Планскиот дел на урбанистичкиот проект треба да ги преземе можните компатибилни класи на намена, како што се зададени со важечкиот ДУП. Со проектната документација првите 2 надземни нивои (на приземје и на 1-ви кат) ќе се предвидат со комерцијални содржини (компатибилна класа на намена „Б2 – Големи единици за трговија").

Паркирањето да се предвиди во подземни нивои, истоветно на зададеното со важечкиот ДУП.

Соодветно за зададеното со важечкиот ДУП, во рамките на приземното ниво е потребно да се предвидат т.н. „адаптирани" трансформаторски станици 10 (20) / 0,4 kV за задоволување на сопствените електроенергетски потреби. Димензионирањето на потребниот број на трансформаторски станици да се изврши соодветно на реалните проектирани содржини.

Во рамките на локацијата да се предвидат и комплементарни намени кои се во функција за остварување на основната намена, а во сè согласно Член 80 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23). Очекувани комплементарни намени се:

- деловите од парцелата и деловите од градбата што служат за внатрешен динамичен и стационарен сообраќај,
- површините под зеленилото, хортикултурно и партерно уредени површини,
- деловите од парцелата или градбата што се неопходни за комуналните инфраструктури и др.

Проектното решение на урбанистичкиот проект треба да биде основа за понатамошна изработка на основни проекти.

2.1.1.3. ПРОЕКТНИ БАРАЊА ЗА ИНФРАСТРУКТУРАТА

2.1.1.4.1. СООБРАЌАЈНА ИНФРАСТРУКТУРА

Сообраќајниот пристап до парцелата е обезбеден преку постојната улица „Никола Русински" и планираната станбена улица „5".

Потребите за паркирање на градежната парцела 6.1 да се задоволат целосно во рамките на сопствената градежна парцела. Димензионирањето за потребен број на паркинг места да се изврши согласно зададеното со посебните услови за парцелата од важечкиот ДУП кој се спроведува, односно согласно Член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" број 63/12, 126/12 и 19/13):

- А2 – Домување во станбени згради – за станбени згради кои не се лоцирани во централното градско подрачје: 1 паркинг место на секои 80m² од вкупно изградената површина.

За компатибилните намени димензионирањето за потребен број на паркинг места ќе се врши во сè согласно зададеното со ДУП-от, односно пропишаното со горенаведениот Член 61 од Правилникот, соодветно на конкретната употребена компатибилна намена.

2.1.1.4.2. ХИДРОТЕХНИЧКА ИНФРАТРУКТУРА

Долж улицата „Никола Русински" (крај северната граница на проектниот опфат) има изведен водовод Ø100, фекална канализација Ø300 и атмосферска канализација Ø300, сите изведени согласно планските решенија од важечкиот ДУП.

Долж трасата на планираната станбена улица „5" (крај западната граница на проектниот опфат) има изведен водовод Ø100, согласно планските решенија на важечкикот ДУП. Планираните феклана и атмосферска канализација сè уште не се реализирани.

Да се предвидат приклучни места на новопредвидената градба во градежната парцела 6.1 на овие постојни и планирани водови.

Во проектниот опфат и во непосредното опкружување нема изведена топловодна мрежа. Оттаму, поради немање на услови во прва фаза нема да се изврши приклучување кон топловодната мрежа. Да се остави можност за прилагодување на проектното решение при изработка на основните проекти – за приклучување кон градската толповодна мрежа доколку во меѓувреме се овозможат услови за истото.

Во непосредна близина, на 15m оддалеченост од југозападната граница на проектниот опфат има изведена гасоводна мерно регулациска станица. Истата е поврзана со гасовод Ø89 трасиран непосредно крај јужната граница на проектниот опфат, а низ соседната градежна парцела 6.2. Не се предвидува поврзување на градбата кон гасоводната мрежа.

Доколку во постапката на изработка на урбанистичкиот проект се дојде до други сознанија за постојна или претходно планирана хидротехничка инфраструктура, проектното решение ќе се прилагоди на истите, во соработка со стручните служби на комуналните претпријатија кои стопанисуваат со инфраструктурата.

2.1.1.4.3. ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКА ИНФРАТРУКТУРА

Низ проектниот опфат минуваат повеќе подземни среднонапонски 10 (20) / 0,4 kV електроенергетски водови. Со важечкиот ДУП планирана е дислокација на овие постојни водови, со поместување на нивната траса вон градежната парцела, долж профилот на станбената улица „Никола Русински". Ова решение за дислокација треба да се преслика во урбанистичкото решение на предметниот урбанистички проект за разработка на градежната парцела 6.1.

Соодветно за зададеното со важечкиот ДУП, во рамките на приземното ниво е потребно да се предвидат т.н. „адаптирани" трансформаторски станици 10 (20) / 0,4 kV за задоволување на сопствените електроенергетски потреби. Димензионирањето на потребниот број на трансформаторски станици да се изврши соодветно на реалните проектирани содржини.

Низ проектниот опфат минуваат и повеќе подземни телекомуникациски водови. Со важечкиот ДУП планирана е дислокација на овие постојни водови, со поместување на нивната траса вон градежната парцела, долж профилот на станбената улица „Никола Русински". Ова решение за дислокација треба да се преслика во урбанистичкото решение на предметниот урбанистички проект за разработка на градежната парцела 6.1.

Доколку во постапката на изработка на урбанистичкиот проект се дојде до други сознанија за постојна или претходно планирана електротехничка инфраструктура, проектното решение ќе се прилагоди на истите, во соработка со стручните служби на комуналните претпријатија кои стопанисуваат со инфраструктурата.

2.1.1.4. МЕТОДОЛОГИЈА

Урбанистичкиот проект да се изработи согласно Законот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" број 32/20 и 111/23), Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 244/19, 18/20 и 279/20), Правилникот за стандарди и нормативи за проектирање („Службен весник на Република Македонија" број 60/12, 29/15, 32/16, 114/16 и 211/20) и останатата релевантна законска и подзаконска регулатива од областа на урбанизмот и проектирањето.

Нарачател / Барател за одобрување на УП:

ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ

ДЕЛТА 2015 КОНСТРАКШН ДООЕЛ Скопје

2.1.2. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА СНИМЕН ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД, ВКУПНА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА И ИНФРАСТРУКТУРА ВО РАМКИ НА ПРОЕКТНИОТ ОПФАТ

2.1.2.1. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА СНИМЕНИОТ ИЗГРАДЕН ГРАДЕЖЕН ФОНД И ВКУПНАТА ФИЗИЧКА СУПРАСТРУКТУРА

За целосно согледување на постојната состојба, во границите на опфатот извршени се детални истражувања на просторот.

Истражувањата на локалитетот се извршени по пат на:

- директен увид на теренот и
- директна комуникација со корисниците на просторот.

При увидот на лице место, констатирано е дека просторот во рамките на проектниот опфат е целосно неизградено земјиште.

За целиот проектен опфат добиени се основните урбанистички показатели кои се презентирани табеларно:

Општина: Карпош
Локалитет: населба Карпош 3
Дата: ОКТОМВРИ 2023

Состојба: Д-добра, **С**-средна, **Л**-лоша, **У**-урнатина, **Г**-во градба
Тип на конструкција: СК-скелетна, **МА**-масивна, **МО**-монтажна, **МЕ**-мешана, **СЛ**-слаба
Тип на објект: А1, Б2 ... - класа на намена

Проектен опфат P = 0,46 ha

Број	Ккатастарска општина	Катастарска парцела	Класа на намена	Катност	Површина на парцела	Површина на габарит	Вкупна изградена површина	Процент на изграденост	Коефициент на искористеност	Број на катови	Состојба на објект	Тип на конструкција
1	КО Карпош	КП 1801/2	**НЗ** - Неизградено земјиште	/	2 m²	0 m²	0 m²	0,00%	0,00	/	/	/
2	КО Карпош	КП 1801/3	**НЗ** - Неизградено земјиште	/	1992 m²	0 m²	0 m²	0,00%	0,00	/	/	/
3	КО Карпош	КП 1801/5	**НЗ** - Неизградено земјиште	/	1155 m²	0 m²	0 m²	0,00%	0,00	/	/	/
4	КО Карпош	КП 1801/7	**НЗ** - Неизградено земјиште	/	176 m²	0 m²	0 m²	0,00%	0,00	/	/	/
5	КО Карпош	КП 1801/8	**НЗ** - Неизградено земјиште	/	3 m²	0 m²	0 m²	0,00%	0,00	/	/	/
6	КО Карпош	КП 1801/9	**НЗ** - Неизградено земјиште	/	1 m²	0 m²	0 m²	0,00%	0,00	/	/	/
7	КО Карпош	КП 1814/2	**НЗ** - Неизградено земјиште	/	1240 m²	0 m²	0 m²	0,00%	0,00	/	/	/
ВКУПНО:					**4569 m²**	**0 m²**	**0 m²**	**0,00%**	**0,00**	**/**	**/**	**/**

Постојната наменска употреба на земјиштето може да се претстави табеларно на следниов начин:

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ПОСТОЈНА СОСТОЈБА – РЕКАПИТУЛАР НА ПОВРШИНИ		
НАМЕНА	Површина m²	Процент %
НЗ - НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ	4569 m²	100,00%
ВКУПНО	**4569 m²**	100,00%

2.1.2.2. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА СООБРАЌАЈНАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Сообраќајниот пристап до парцелата е обезбеден преку постојната улица „Никола Русински" и планираната станбена улица „5". Обете улици биле новопланирани со важечкиот ДУП во моментот на неговата изработка и донесување. Консеквентно, станбената улица „Никола Русински" е реализирана согласно решенеијата на ДУП-от, а станбената улица „5" сè уште не е реализирана.

Улицата „Никола Русински" се движи крај северната граница на проектниот опфат, а планиранта станбена улица „5" крај западната граница.

Во рамките на самиот проектен опфат нема изведена, ниту претходно планирана сообраќајна инфраструктура.

2.1.2.3. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ХИДРОТЕХНИЧКАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Долж улицата „Никола Русински" (крај северната граница на проектниот опфат) има изведен водовод Ø100, фекална канализација Ø300 и атмосферска канализација Ø300, сите изведени согласно планските решенија од важечкиот ДУП.

Долж трасата на планираната станбена улица „5" (крај западната граница на проектниот опфат) има изведен водовод Ø100.

Податоците за постојните водовод и канализација се добиени од ЈП Водовод и канализација – Скопје со нивниот допис „Достава на податоци и информации" со бр. 1302-1711/2 од 27.05.2022 год.

Во проектниот опфат и во непосредното опкружување нема изведена топловодна мрежа, а согласно дописот „Потврда" даден од БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје со бр. 03-1238 од 26.05.2022 год.

Во непосредна близина, на 15m оддалеченост од јужната граница на проектниот опфат има изведена гасоводна мерно регулациска станица (МРС „Макпетрол CNG"), поместена во соседната градежна парцела 6.2, а која е поврзана со постоен гасовод Ø168mm долж Бул. „8-ми Септември" источно од проектниот опфат. Податоците за гасоводната мрежа се добиени од ГА-МА АД Скопје со нивниот допис „Податоци и информации" ос бр. 0308-1432/2 од 18.07.2022 год.

2.1.2.4. ИНВЕНТАРИЗАЦИЈА НА ЕЛЕКТРОТЕХНИЧКАТА ИНФРАСТРУКТУРА

Низ проектниот опфат минуваат повеќе подземни среднонапонски 10 (20) / 0,4 kV електроенергетски водови, кои го сечат опфатот во правец запад – исток. Во непосредното опкружување на проектниот опфат, на околу 30m оддалеченот од западната граница на проектниот опфат има изведена т.н. „адаптирана" трансформаторска станица 10 (20) / 0,4 kV, изведена во склоп на постојна градба од комплексот на ЈЗУ Здравствен дом „Скопје" – поликлиника „Букурешт".

Податоците за постојната електроенергетска инфраструктура се добиени од ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје со нивниот допис „Издавање на податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура" со бр. 10-26/2-110 од 03.03.2022 год.

Низ проектниот опфат минуваат и повеќе подземни телекомуникациски водови, кои исто го сечат опфатот во правец запад – исток.

Податоците за постојната телекомуникациска инфраструктура се добиени од Македонски Телеком АД Скопје, со допис „Известување за планирани и постојни тк инсталации" со бр. 43422 од 02.06.2022 год, од А1 Македонија ДООЕЛ Скопје со допис „ПИМ" со бр. 11-3510/1 од 26.05.2022 год., како и од Агенцијата за електронски комуникации со допис „Одговор за барање за податоци за ТК инсталации" со бр. 1404-1651/2 од 03.06.2022 год.

2.1.3. ОПИС И ОБРАЗЛОЖЕНИЕ НА ПРОЕКТНИОТ КОНЦЕПТ НА УРБАНИСТИЧКОТО РЕШЕНИЕ ВО ГРАДЕЖНИТЕ ПАРЦЕЛИ

2.1.3.1. ДЕЈНОСТИ И АКТИВНОСТИ КОИ СЕ ОДВИВААТ ВО ГРАДБИТЕ ВО ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА СО НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ НА УРБАНИСТИЧКИТЕ ПАРАМЕТРИ ЗА СЕКОЈА ГРАДБА ПОЕДИНЕЧНО

Локалитетот се наоѓа на подрачјето на населбата Карпош 3, на територија на Општина Карпош, Скопје.

Границите на проектниот опфат коинцидираат со границите на градежната парцела 6.1 од ДУП за Градска четврт З 05 помеѓу Бул. Илинден, Бул. 8-ми Септември, Бул. Партизански одреди и ул. Љубљанска, Општина Карпош, Скопје. Истата ги опфаќа во целост катастарските парцели КП 1801/5, КП 1801/7, КП 1801/8 и КП 1801/9, како и делови од КП 1801/2, КП 1801/3 и КП 1814/2, КО Карпош, Општина Карпош.

Намената на градежната парцела е преземена од важечкиот ДУП за Градска четврт З 05 помеѓу Бул. Илинден, Бул. 8-ми Септември, Бул. Партизански одреди и ул. Љубљанска, Општина Карпош, Скопје, а при тоа усогласена со класификацијата на намени зададена во Член 77 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23) и истата е одредена како:

- **А2** – Домување во згради

Наменската употреба на земјиштето може да се претстави табеларно на следниов начин:

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА – РЕКАПИТУЛАР НА ПОВРШИНИ		
НАМЕНА	Површина m²	Процент %
А2 - ДОМУВАЊЕ ВО ЗГРАДИ	4569 m²	100,00%
ВКУПНО	**4569 m²**	100,00%

Согласно Проектната програма зададена од Инвеститорот, во рамките на проектниот опфат се предвидува површина за градење со зададената основна класа на намена.

Согласно горенаведеното, со урбанистичкото решение во рамките на градежната парцела 6.1 предвидена е површина за градење, со следниве нумерички податоци:

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ПАРЦЕЛИРАНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА РАЗРАБОТКА НА ГП 6.1 ОД ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 05 ПОМЕЃУ БУЛ. ИЛИНДЕН, БУЛ. 8-МИ СЕПТЕМВРИ, БУЛ. ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕДИ И УЛ. ЉУБЉАНСКА, СО НАМЕНА А2 – ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ

НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА	ГРУПА НА КЛАСИ НА НАМЕНА	ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА		КОМПАТИБИЛНИ КЛАСИ НА НАМЕНА	МАКСИМАЛНО ДОЗВОЛЕН ПРОЦЕНТ НА УЧЕСТВО НА ЗБИРОТ НА КОМПАТИБИЛНИТЕ КЛАСИ НА НАМЕНА ВО ОДНОС НА ОСНОВНАТА КЛАСА НА НАМЕНА	КАТНОСТ	МАКСИМАЛНА ВИСИНА ДО ВЕНЕЦ m	ПОВРШИНА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА m²	ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА m²	БРУТО РАЗВИЕНА ПОВРШИНА m²	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ %	КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ	ПРОЦЕНТ НА ОЗЕЛЕНЕТОСТ НА ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА
6.1	А	А2	ДОМУВАЊЕ ВО ЗГРАДИ	Б1 (20%), Б2 (30%), Б4 (20%), Б5 (15%), В3 (40%), В4 (10%), Д3 (40%)	40%	П+1 П+10 П+16+Пк П+17+Пк	8,80 m 35,20 m 56,20 m 59,20 m	4569 m²	3198 m²	39219 m²	69,99%	8,58	20,12%
							ВКУПНО:	**4569 m²**	**3198 m²**	**39219 m²**	**69,99%**	**8,58**	**/**

Согласно Член 79 став (4) од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23), во урбанистичките проекти намената е уредена во урбанистичкиот план што се спроведува со урбанистичкиот проект. Оттаму, примарна намена на градежната парцела, преземена од зададеното со Деталниот урбанистички план за Градска четврт З 05 е:

А2 – Домување во згради.

Со урбанистичкиот проект одредени се и компатибилни намени, исто целосно преземени од Деталниот урбанистички план за Градска четврт З 05. Дозволени намени компатибилни на примарната намена **А2** се:

Б1 – Мали единици за комерцијални и деловни дејности (до 20%)

Б2 – Големи единици за трговија (до 30%)

Б4 – Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради (до 20%)

Б5 – Хотели и хотелски комплекси (до 15%)

В3 – Култура (до 40%)

В4 – Државни администрации и институции (до 10%)

Д3 – Спорт и рекреација на зелени површини (до 40%)

Максималната застапеност на секоја од компатибилните намени во однос на примарната намена е дадена како вредност во загради на горната листа. Максималната застапеност на збирот на компатибилните намени (доколку се употребуваат повеќе истовремено) во однос на примарната намена изнесува **40%**.

Во рамките на проектниот опфат може да се појават и сите комплементарни намени кои ја дополнуваат примарната намена на градежната парцела и градбите и служат за нивно дополнување и функционално комплементирање, а во сè во склад со одредбите на Член 80 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23). Вакви можни комплементарни намени се: деловите од градежната парцела и градбите што служат за внатрешен сообраќај и за паркирање, површините под зеленило и деловите од парцелата и градбите што се неопходни за комуналните инфраструктури.

За новопредвидената градба зададена е кота на приземна плоча, изразена во м.н.в. (метри надморска височина), а одредена согласно планираната нивелација на станбените улици „Никола Русински" и „5" од важечкиот ДУП. Истата е утврдена на **251,62 м.н.в**. При изработка на основни проекти за градбите дозволени се минимални отстапувања од оваа зададена вредност (до ± 30 cm).

Максималната височина на градбата до хоризонталниот венец се пресметува во однос на оваа утврдена кота.

Од максималната височина на слемето и силуетата на покривот може да отстапуваат делови на градбата и тоа: кули, покривни бањи, издадени покривни елементи, оџаци, вентилациски канали, лифтовски куќички, вертикални комуникации и сите техничко – технолошки инсталации, односно сите архитектонски декоративни елементи со кои не се обѕидува или оформува затворен корисен простор над котата на горниот венец, односно над дозволената силуета на покривот, а во сè во склад со одредбите на Член 126 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

Урбанистичкото решение е целосно во склад со дозволените параметри зададени со важечкиот Детален урбанистички план за Градска четврт З 05 помеѓу Бул. Илинден, Бул. 8-ми Септември, Бул. Партизански одреди и ул. Љубљанска, Општина Карпош, Скопје (Одлука бр. 07-7546/4 од 06.11.2013 год.).

Споредбени нумерички показатели во однос на дозволеното со важечкиот ДУП:

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ПАРЦЕЛИРАНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА РАЗРАБОТКА НА ГП 6.1 ОД ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 05 ПОМЕЃУ БУЛ. ИЛИНДЕН, БУЛ. 8-МИ СЕПТЕМВРИ, БУЛ. ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕДИ И УЛ. ЉУБЉАНСКА, СО НАМЕНА А2 – ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ												
УРБАНИСТИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА	НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА	ГРУПА НА КЛАСИ НА НАМЕНА	ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА		КОМПАТИБИЛНИ КЛАСИ НА НАМЕНА	МАКСИМАЛНО ДОЗВОЛЕН ПРОЦЕНТ НА УЧЕСТВО НА ЗБИРОТ НА КОМПАТИБИЛНИТЕ КЛАСИ НА НАМЕНА ВО ОДНОС НА ОСНОВНАТА КЛАСА НА НАМЕНА	КАТНОСТ	МАКСИМАЛНА ВИСИНА ДО ВЕНЕЦ m	ПОВРШИНА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА m²	ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА m²	БРУТО РАЗВИЕНА ПОВРШИНА m²	ПРОЦЕНТ НА ОЗЕЛЕНЕТОСТ НА ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА
ПАРАМЕТРИ СПОРЕД ДУП З 05 2013 год.	6.1	А	А2	ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ	Б1 (20%), Б2 (30%), Б4 (20%), Б5 (15%), В3 (40%), В4 (10%), Д3 (40%)	40%	П+26+Пк	88,00 m	4569 m²	3543 m²	99204 m²	7,00%
ПАРАМЕТРИ СПОРЕД УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ 2023 год.	6.1	А	А2	ДОМУВАЊЕ ВО ЗГРАДИ	Б1 (20%), Б2 (30%), Б4 (20%), Б5 (15%), В3 (40%), В4 (10%), Д3 (40%)	40%	П+1 П+10 П+16+Пк П+17+Пк	8,80 m 35,20 m 56,20 m 59,20 m	4569 m²	3198 m²	39219 m²	20,12%

- Предмет на разработка е градежната парцела 6.1, претходно зададена со важечкиот Детален урбанистички план за Градска четврт З 05 помеѓу Бул. Илинден, Бул. 8-ми Септември, Бул. Партизански одреди и ул. Љубљанска, Општина Карпош, Скопје (Одлука бр. 07-7546/4 од 06.11.2013 год.), со вкупна површина од **4569m²**.
- Градежната парцела е планирана со класа на намена **А2** – Домување во згради.
- Вкупната максимална бруто развиена површина на ниво на проектен опфат е **39219m²**.
- Процентот на изграденост изнесува **69,99%**.
- Коефициентот на искористеност изнесува **8,58**.
- Процентот на озеленетост на градежната парцела изнесува **20,12%**.

Проектното решение на овој Урбанистички проект е основа за понатамошна изработка на основни проекти за градбата.

2.1.3.2. ВНАТРЕШНИ СООБРАЌАЈНИЦИ И НАЧИН НА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ПОТРЕБЕН БРОЈ НА ПАРКИНГ МЕСТА

Согласно зададеното со важечкиот ДУП за Градска четврт З 05, сообраќајниот пристап до парцелата е обезбеден преку станбените улици „Никола Русински" и „5".

Со решението на овој урбанистички проеект, сообраќајниот пристап за возила се предвидува единствено од новопланираната станбена улица „5", со предвидени 2 рампи за пристап до подземните нивои.

Пристап за пешачки и велосипедски сообраќај е овозможен и од северната страна – од станбената улица „Никола Русински".

2.1.3.2.1. СТАЦИОНАРЕН СООБРАЌАЈ

За градежната парцела 6.1, потребите за паркирање се решаваат во рамките на сопствената парцела.

Димензионирањето за потребен број на паркинг места се врши согласно зададеното со посебните услови за парцелата од важечкиот ДУП кој се спроведува, односно согласно Член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" број 63/12, 126/12 и 19/13):

- А2 – Домување во станбени згради – за станбени згради кои не се лоцирани во централното градско подрачје: 1 паркинг место на секои 80m² од вкупно изградената површина.

За компатибилните намени димензионирањето за потребен број на паркинг места ќе се врши во сè согласно зададеното со ДУП-от, односно пропишаното со горенаведениот Член 61 од Правилникот, соодветно на конкретната употребена компатибилна намена.

Со проектното решение за градежната парцела 6.1 потребно е да предвидат и паркинг места кои се специјално димензионирани и обележани за возила што ги користат лицата со инвалидност и намалена подвижност. Бројот на овие специјални места за паркирање треба да изнесува најмалку 3% од вкупниот број на паркинг места, но не помалку од едно паркинг место и истите се со димензии од најмалку 3,70×5,00m, во сè во склад со членовите 195 и 196 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

2.1.3.2.2. НИВЕЛЕТСКО РЕШЕНИЕ

Нивелетското решение на овој урбанистички проект доследно ја презема планираната нивелација на улиците „Никола Русински" и „5" од важечкиот Детален урбанистички план за Градска четврт З 05 помеѓу Бул. Илинден, Бул. 8-ми Септември, Бул. Партизански одреди и ул. Љубљанска, Општина Карпош, Скопје (Одлука бр. 07-7546/4 од 06.11.2013 год.).

За новопредвидената градба зададена е кота на приземна плоча, изразена во м.н.в. (метри надморска височина), а одредена согласно планираната нивелација на станбените улици „Никола Русински" и „5" од важечкиот ДУП. Истата е утврдена на **251,62 м.н.в**. При изработка на основни проекти за градбите дозволени се минимални отстапувања од оваа зададена вредност (до ± 30 cm).

Со урбанистичкото решение одредени се и пристапни рампи до подземното ниво на градбата. Презентирани се и висински коти на рампите, одредени согласно планираната нивелација на станбената улица „5" од важечкиот ДУП и претходно одредената кота на нултата плоча. Вредностите на овие висински коти на пристапните рампи се апроксимативни и се во корелација со одредената кота на нултата плоча и дозволените минимални отстапувања на оваа кота. Точните вредности ќе се добијат при изработка на основните проекти.

2.1.3.3. ПАРТЕРНО РЕШЕНИЕ СО ХОРТИКУЛТУРА

За градежната парцела 6.1 изработено е и предлог на партерно уредување на парцелата.

Значаен дел од површините на парцелите е одделен за зеленило, со одредени површини кои хортикултурно ќе се уредат под ниско, средно и високо зеленило.

Со предлог партерното уредување на градежната парцела и урбанистичкото решение од овој урбанистички проект, одредени се површини под зеленило и презентирани се информативни податоци за процент на озеленетост на градежната парцела. При изработка на основните проекти, решението за партерно уредување и зеленило ќе се доразработи, односно усогласи со проектното решение од тие проекти, при што може да се добијат и други вредности за процентот на озеленетост, но истиот не смее да биде под 20% на ниво на градежна парцела, а во склад со одредбите на Законот за урбано зеленило („Службен весник на Република Македонија" број 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 42/20).

2.1.3.4. ВОДОВИ И ИНСТАЛАЦИИ НА ИНФРАСТРУКТУРИТЕ

Основните решенија водовите и инсталациите на инфраструктурите со проектниот опфат на Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште за разработка на ГП 6.1 од ДУП за Градска четврт З 05 помеѓу Бул. Илинден, Бул. 8-ми Септември, Бул. Партизански одреди и ул. Љубљанска, со намена А2 – Домување во станбени згради, Општина Карпош, Скопје, се изработени врз основа на следните подлоги и податоци:

- постојната инфраструктура во локалитетот и неговата непосредна околина согласно податоците од:
  - ЈП Водовод и канализација – Скопје со нивниот допис „Достава на податоци и информации" со бр. 1302-1711/2 од 27.05.2022 год.;
  - Дистрибуција на топлина БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје со нивниот допис „Потврда" со бр. 03-1238 од 26.05.2022 год.;
  - ГА-МА АД Скопје со нивниот допис „Податоци и информации" ос бр. 0308-1432/2 од 18.07.2022 год.;
  - ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА ДООЕЛ Скопје со нивниот допис „Издавање на податоци за електроенергетски објекти и инфраструктура" со бр. 10-26/2-110 од 03.03.2022 год.;
  - Македонски Телеком АД Скопје, со допис „Известување за планирани и постојни тк инсталации" со бр. 43422 од 02.06.2022 год.;
  - А1 Македонија ДООЕЛ Скопје со допис „ПИМ" со бр. 11-3510/1 од 26.05.2022 год.;
  - Агенцијата за електронски комуникации со допис „Одговор за барање за податоци за ТК инсталации" со бр. 1404-1651/2 од 03.06.2022 год.
- зададеното планско решение за хидротехничката инфраструктура и електротехничка инфраструктура од важечкиот Детален урбанистички план за Градска четврт З 05 помеѓу Бул. Илинден, Бул. 8-ми Септември, Бул. Партизански одреди и ул. Љубљанска, Општина Карпош, Скопје (Одлука бр. 07-7546/4 од 06.11.2013 год.);
- нивелациско решение на парцелите и сообраќајниците во границите на проектниот опфат и неговата непосредна околина и
- техничките прописи за проектирање на овој вид на инсталации.

Површината на проектниот опфат изнесува 4569 m², односно 0,46 ha.

2.1.3.4.1. ВОДОСНАБДУВАЊЕ

Земајќи во обзир дека со овој Урбанистички проект вкупната бруто развиена површина во градежната парцела е значително намалена во однос на максимално можната вредност од постојниот ДУП од 2013 год., планираните решенија за водовод во постојниот ДУП се соодветни и за урбанистичкото решение од овој Урбанистички проект.

За градежната парцела 6.1 предвидено е приклучување кон планиран водовод Ø150 долж улиците „Никола Русински" и „5", на 3 позиции. Со урбанистичкото решение на овој Урбанистички проект презентирани се и приклучни места на градбата на водоводната мрежа; при изработка на основен проект за градежната парцела, трасите на приклучоците ќе се доразработат, односно ќе се усогласат со проектните решенија за хидротехничка инфраструктура од тој проект.

Постојниот водовод Ø100 трасиран крај западната граница на проектниот опфат е планирано да се дислоцира. Предвидена е нова траса на водовод Ø150, соодветно на планираното со ДУП-от од 2013 год.

2.1.3.4.2. ФЕКАЛНА КАНАЛИЗАЦИЈА

Земајќи во обзир дека со овој Урбанистички проект вкупната бруто развиена површина во градежната парцела е значително намалена во однос на максимално можната вредност од

постојниот ДУП од 2013 год., планираните решенија за фекална канализација во постојниот ДУП се соодветни и за урбанистичкото решение од овој Урбанистички проект.

За градежната парцела 6.1 предвидено е приклучување кон постојната фекална канализација Ø300 долж улицата „Никола Русински", како и приклучување на планираната фекална канализација Ø300 долж улицата „5", на 3 позиции. Со урбанистичкото решение на овој Урбанистички проект презентирани се и приклучни места на градбата на фекалната канализација; при изработка на основен проект за градежната парцела, трасите на приклучоците ќе се доразработат, односно ќе се усогласат со проектните решенија за хидротехничка инфраструктура од тој проект.

2.1.3.4.3. АТМОСФЕРСКА КАНАЛИЗАЦИЈА

Земајќи во обзир дека со овој Урбанистички проект површината за градење не се менува во однос на зададеното со важечкиот ДУП (минимално е намалена), а вкупната бруто развиена површина во градежната парцела е значително намалена во однос на максимално можната вредност од постојниот ДУП од 2013 год., планираните решенија за атмосферска канализација во постојниот ДУП се соодветни и за урбанистичкото решение од овој Урбанистички проект.

За градежната парцела 6.1 предвидено е приклучување кон постојната атмосферска канализација Ø300 долж улицата „Никола Русински", како и приклучување на планираната атмосферска канализација Ø300 долж улицата „5", на 3 позиции. Со урбанистичкото решение на овој Урбанистички проект презентирани се и приклучни места на градбата на атмосферската канализација; при изработка на основен проект за градежната парцела, трасите на приклучоците ќе се доразработат, односно ќе се усогласат со проектните решенија за хидротехничка инфраструктура од тој проект.

2.1.3.4.4. ТОПЛОВОДНА ИНФРАСТРУКТУРА

Во проектниот опфат и во непосредното опкружување нема изведена топловодна мрежа, а согласно дописот „Потврда" даден од БАЛКАН ЕНЕРЏИ ДООЕЛ Скопје со бр. 03-1238 од 26.05.2022 год.

Оттаму, поради немање на услови во прва фаза нема да се изврши приклучување кон топловодната мрежа. Во понатамошните фази, согласно програмските барања на инвеститорот, потребно е да се остави можност за прилагодување на проектното решение при изработка на основните проекти – за приклучување кон градската толповодна мрежа доколку во меѓувреме се овозможат услови за истото.

2.1.3.4.5. ГАСОВОДНА ИНФРАСТРУКТУРА

Во непосредна близина, на 15m оддалеченост од јужната граница на проектниот опфат има изведена гасоводна мерно регулациска станица (МРС „Макпетрол CNG"), поместена во соседната градежна парцела 6.2, а која е поврзана со постоен гасовод Ø168mm долж Бул. „8-ми Септември" источно од проектниот опфат.

На 15m оддалеченост од југозападната граница на проектниот опфат има и планирана гасоводна мерно регулациска станица (МРС „Букурешт"), која е планирана со постојниот ДУП од 2013 год. Планирано е поврзување на истата со гасовод Ø89 трасиран непосредно крај јужната граница на проектниот опфат, а низ соседната градежна парцела 6.2.

Изведениот гасовод и мерно – регулациската станица, како и планираниот гасовод и мерно – регулациона станица (планираин со постојниот ДУП од 2013 год.) се на соодветни растојанија од предвидената градба, односно целосно се запазени заштитните зони пропишани со Член 13 и Член 41 од Правилникот за изградба, одржување и безбедно функционирање на гасоводни системи од

челични цевки за работен притисок до 13 бари („Службен весник на Република Македонија" број 100/09).

Не се предвидува поврзување на градбата од градежната парцела 6.1 кон гасоводната мрежа.

2.1.3.4.6. ЕЛЕКТРОЕНЕРГЕТСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Низ проектниот опфат минуваат повеќе подземни среднонапонски 10 (20) / 0,4 kV електроенергетски водови, кои го сечат опфатот во правец запад – исток. Во непосредното опкружување на проектниот опфат, на околу 30m оддалеченот од западната граница на проектниот опфат има изведена т.н. „адаптирана" трансформаторска станица 10 (20) / 0,4 kV, изведена во склоп на постојна градба од комплексот на ЈЗУ Здравствен дом „Скопје" – поликлиника „Букурешт".

Со важечкиот ДУП планирана е дислокација на овие постојни водови, со поместување на нивната траса вон градежната парцела, долж профилот на станбената улица „Никола Русински". Ова решение за дислокација е пресликано во урбанистичкото решение на предметниот урбанистички проект за разработка на градежната парцела 6.1.

Со важечкиот ДУП зададено е и дека во рамките на градежната парцела е потребно да се предвидат трансформаторски станици за задоволување на сопствените електроенергетски потреби. Оттаму, извршено е димензионирање на потребниот број на трансформаторски станици:

За содржините со намена А2 – Домување во станбени згради, електричната мрежа и потребата од едновремена ел. снага се димензионира според следните електроенергетски параметри:

$P_{en1} = f_n \times P_e \times n$

$$f_n = f\sim + \frac{1-f\sim}{\sqrt{n}}$$

каде:

P_{en1} - вкупна едновремена ел. снага за „n" станови

P_e - едновремена ел. снага за просечен стан Pe' = 13kW

$f\sim$ - фактор на едновременост, за бесконечен број на станови $f\sim=0,15$

f_n - коефициент на едновременост за „n" станови

n - број на станови, n=402

$$f_n = f\sim + \frac{1-f\sim}{\sqrt{n}} = 0,15 + \frac{1-0,15}{\sqrt{402}} = 0,1924$$

$P_{en1} = f_n \times P_e \times n = 0,1924 \times 13 \times 402 = 1005,45kW$

За останатите предвидени функции едновремената ел. снага за новопредвидените објекти се димензионира според следните електроенергетски параметри со напомена дека се предвидени максимални површини за градба и тоа претставува максимален капацитет на просторот во моментот:

- за деловно – административни функции 0,08kW/m²

Вкупната бруто развиена површина на планираните содржини со деловно административни функции изнесува 2630+2953=5583m².

Едновремената ел. снага за нив изнесува P_{en2} = 446,64kW.

Вкупната едновремената ел. снага изнесува: $P_{en} = P_{en1}+P_{en2} = 1452,09kW$

Бројот на трафостаници се одредува за ТС опрема со енергетски маслен трансформатор од 630kVA и лоцирани во тежиштето на конзумот.

$\eta_{tr} = \frac{\Sigma P_{en}}{S_{tr}} = \frac{1452,09}{630 \times 0,75} =$ **3** трафостаници

Овие трансформаторски станици ќе се изведат во рамките на приземното ниво на градбата, како т.н. „адаптирани" трансформаторски станици (во скло на самата градба), при што до истите ќе се овозможи непосреден пристап со товарно возило.

2.1.3.4.7. ТЕЛЕКОМУНИКАЦИСКА ИНФРАСТРУКТУРА

Низ проектниот опфат минуваат повеќе подземни телекомуникациски водови, кои го сечат опфатот во правец запад – исток.

Со важечкиот ДУП планирана е дислокација на овие постојни водови, со поместување на нивната траса вон градежната парцела, долж профилот на станбената улица „Никола Русински". Ова решение за дислокација е пресликано во урбанистичкото решение на предметниот урбанистички проект за разработка на градежната парцела 6.1.

Со урбанистичкото решение на овој Урбанистички проект презентирани се и приклучни места на градбата на телекомуникациската мрежа; при изработка на основен проект за градежната парцела, трасите на приклучоците ќе се доразработат, односно ќе се усогласат со проектните решенија за електротехничка инфраструктура од тој проект.

2.1.4. ДЕТАЛНИ УСЛОВИ ЗА ПРОЕКТИРАЊЕ И ГРАДЕЊЕ

1. Одредбите за уредување на просторот и графичките прилози се составен дел на Урбанистичкиот проект и имаат дејство само врз градителската активност која ќе следи по одобрување на урбанистичкиот проект.

2. Изградбата на нови објекти, изградбата на комуналните објекти и инсталации како и вкупното просторно уредување на предметниот локалитет треба да се изведува согласно законската и подзаконската регулатива, техничките прописи во областа на градежништвото и урбанизмот како и овие параметри што се составен дел на документацијата.

3. Сите детални услови за проектирање и градење кои се зададени со овој Урбанистички проект за парцелирано градежно земјиште се комплементарни на условите зададени со важечкиот важечкиот Детален урбанистички план за Градска четврт З 05 помеѓу Бул. Илинден, Бул. 8-ми Септември, Бул. Партизански одреди и ул. Љубљанска, Општина Карпош, Скопје (Одлука бр. 07-7546/4 од 06.11.2013 год.). Условите од овој урбанистички проект единствено ги надополнуваат и детално разработуваат, а во никој случај не ги заменуваат условите за градење од важечкиот ДУП.

4. Параметрите се применуваат во рамките на утврдената граница на опфатот. Специфичните параметри за уредување на просторот се однесуваат на поединечните новоформирани градежни парцели и утврдени површини за градење.

5. Со овој Урбанистички проект се врши разработка на претходно дефинираната градежна парцела 6.1 од важечкиот Детален урбанистички план за Градска четврт З 05 помеѓу Бул. Илинден, Бул. 8-ми Септември, Бул. Партизански одреди и ул. Љубљанска, Општина Карпош, Скопје (Одлука бр. 07-7546/4 од 06.11.2013 год.), а согласно условите за градежната парцела зададени со овој ДУП.

6. Со Урбанистичкиот проект се одредени:

   - Урбанистичко решение за проектниот опфат, односно за градежната парцела 6.1 како што е дефинирана со важечкиот Детален урбанистички план за Градска четврт З 05 помеѓу Бул. Илинден, Бул. 8-ми Септември, Бул. Партизански одреди и ул. Љубљанска, Општина Карпош, Скопје (Одлука бр. 07-7546/4 од 06.11.2013 год.);
   - Регулациско и нивелациско решение во рамките на проектниот опфат;
   - Поединечни површини за градење ограничени со градежни линии;
   - Максимално дозволена височина до хоризонталните венци на градбите, како и максимално дозволена катност;
   - Целосно решение на внатрешниот динамичен и стацинарен сообраќај;
   - Внатрешни водови на инфраструктурата за опслужување на новопроектираните градби.

7. Во графичките прилози од Планскиот дел на овој Урбанистички проект дадено е урбанистичко решение за проектниот опфат со зададени:

   - граница на градежна парцела,
   - нумерација на градежната парцела,
   - површина за градење со градежни линии,
   - намена на градбата,
   - вкупна површина на градежна парцела,
   - вкупна етажна површина за градење,
   - максимална височина на градбата изразена во метри,
   - максимален број на спратови,
   - кота на нултата плоча,
   - процент на изграденост на земјиштето,
   - коефициент на искористеност на земјиштето,
   - внатрешен и стационерен сообраќај,
   - нивелманско решение,
   - партерно уредување со хортикултура,
   - приклучни точки за сите водови и градби на инфраструктура.

8. Урбанистичкиот проект содржи и Проектен дел, во кој е даден Идеен проект за новопроектираната градба во градежната парцела 6.1. Во следна фаза пред реализација потребно е да се изработи основен проект.

9. Доколку во понатамошните фази се појави потреба за изменување на проектните решенија за новопроектираната градба во градежната парцела 6.1, потребно е да се изработи нов идеен проект, без потреба на изработување на нов урбанистички проект. Во ваков случај идејниот проект ќе се изработува согласно Член 48-а од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 244/19, 18/20 и 279/20) и подзаконските прописи донесени врз основа на овој Закон. Со новите проектни решенија потребно е да се почитуваат условите зададени со Планскиот дел на овој Урбанистички проект.

10. Во понатамошните фази на реализација за новопроектираната градба во градежната парцела 6.1, по издадено одобрение за градење, во текот на изградбата можат да се направат измени на градбата, доколку со измените не се влијае на исполнување на кое било основно барање за градбата и не се менува усогласеноста на градбата со параметрите од Планскиот дел од овој Урбанистички проект.

    Во ваков случај се постапува согласно Член 69 од Законот за градење („Службен весник на Република Македонија" број 130/2009, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18 и 168/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 244/19, 18/20 и 279/20), односно Инвеститорот е должен да поднесе барање со дополнување на основниот проект, во сè согласно пропишаното со членот 69, без потреба од изработка на нов Урбанистички проект и без потреба од изработка на нов идеен проект.

11. Намената на градежната парцела е преземена од важечкиот Детален урбанистички план за Градска четврт З 05 помеѓу Бул. Илинден, Бул. 8-ми Септември, Бул. Партизански одреди и ул. Љубљанска, Општина Карпош, Скопје (Одлука бр. 07-7546/4 од 06.11.2013

год.), а при тоа се врши усогласување во терминологијата на намените со класификацијата на намени зададена во Член 77 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

Примарна намена на градежната парцела **6.1**, преземена од зададеното со постојниот ДУП е:

- **А2** – Домување во згради

За градежната парцела **6.1** дефинирани се и можни компатибилни намени, исто преземени од зададеното со постојниот ДУП и тоа:

- **Б1** – Мали единици за комерцијални и деловни дејности (до 20%)
- **Б2** – Големи единици за трговија (до 30%)
- **Б4** – Деловни и комерцијални дејности во големи канцелариски згради (до 20%)
- **Б5** – Хотели и хотелски комплекси (до 15%)
- **В3** – Култура (до 40%)
- **В4** – Државни администрации и институции (до 10%)
- **Д3** – Спорт и рекреација на зелени површини (до 40%)

Максималната застапеност на секоја од компатибилните намени во однос на примарната намена е дадена како вредност во загради на горната листа. Максималната застапеност на збирот на компатибилните намени (доколку се употребуваат повеќе истовремено) во однос на примарната намена изнесува **40%**.

12. Во рамките на проектниот опфат може да се појават и сите комплементарни намени кои ја дополнуваат примарната намена на градежната парцела и градбите и служат за нивно дополнување и функционално комплементирање, а во сè во склад со одредбите на Член 80 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23). Вакви можни комплементарни намени се: деловите од градежната парцела и градбите што служат за внатрешен сообраќај и за паркирање, површините под зеленило и деловите од парцелата и градбите што се неопходни за комуналните инфраструктури.

13. Градежната линија се спроведува со дозволени пречекорувања од страна на издадените елементи од архитектонска пластика на градбите, во сè согласно условите од точките 11 - 16 од „*Општите услови за изградба*" од важечкиот Детален урбанистички план за Градска четврт З 05 помеѓу Бул. Илинден, Бул. 8-ми Септември, Бул. Партизански одреди и ул. Љубљанска, Општина Карпош, Скопје (Одлука бр. 07-7546/4 од 06.11.2013 год.).

14. Процент на изграденост на земјиштето (Р) е урбанистичка големина која ја покажува густината на изграденост, односно колкав дел од градежното земјиште е зафатен со градба.

    Процентот на изграденост на земјиштето се пресметува како однос помеѓу површината на земјиштето под градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен во процент. Во површината под градба се подразбира површината ограничена со надворешните ѕидови и столбови на градбата во висина на приземната плоча без надворешните тераси, скали, рампи, патеки и друго.

    Коефициент на искористеност (К) на земјиштето е урбанистичка големина која го покажува интензитетот на изграденост на градежното земјиште.

Коефициент на искористеност на земјиштето се пресметува како однос помеѓу вкупната изградена површина, односно збирот на површините на сите изградени катови на градбата и вкупната површина на градежното земјиште, изразен со рационален број до две децимали. Под вкупна изградена површина се сметаат површините на сите надземни етажи, без површините од можните пречекорувања на градежните линии.

15. За новопредвидената градба во градежната парцела 6.1 одредена е кота на нулта плоча, изразена во м.н.в. (метри надморска височина), а одредена согласно планираната нивелација на станбените улици „Никола Русински" и „5" од важечкиот ДУП. Истата е утврдена на **251,62 м.н.в**. При изработка на основни проекти за градбите дозволени се минимални отстапувања од оваа зададена вредност (до ± 30 cm).

    Максималната височина на градбата до хоризонталниот венец се пресметува во однос на оваа утврдена кота.

16. Од максималната височина на слемето и силуетата на покривот може да отстапуваат делови на градбата и тоа: кули, покривни бањи, издадени покривни елементи, оџаци, вентилациски канали, лифтовски куќички, вертикални комуникации и сите техничко – технолошки инсталации, односно сите архитектонски декоративни елементи со кои не се обѕидува или оформува затворен корисен простор над котата на горниот венец, односно над дозволената силуета на покривот, а во сè во склад со одредбите на Член 126 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

17. За градежната парцела 6.1, потребите за паркирање се решаваат во рамките на сопствената парцела, како основен услов за реализација до максимално дозволените висина и површина за градење.

    Димензионирањето за потребен број на паркинг места се врши согласно зададеното со посебните услови за парцелата од важечкиот ДУП кој се спроведува, односно согласно Член 61 од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија" број 63/12, 126/12 и 19/13):

    - А2 – Домување во станбени згради – за станбени згради кои не се лоцирани во централното градско подрачје: 1 паркинг место на секои 80m² од вкупно изградената површина.

    За компатибилните намени димензионирањето за потребен број на паркинг места ќе се врши во сè согласно зададеното со ДУП-от, односно пропишаното со горенаведениот Член 61 од Правилникот, соодветно на конкретната употребена компатибилна намена.

    Со проектното решение за градежната парцела 6.1 потребно е да предвидат и паркинг места кои се специјално димензионирани и обележани за возила што ги користат лицата со инвалидност и намалена подвижност. Бројот на овие специјални места за паркирање треба да изнесува најмалку 3% од вкупниот број на паркинг места, но не помалку од едно паркинг место и истите се со димензии од најмалку 3,70×5,00m, во сè во склад со членовите 195 и 196 од Правилникот за урбанистичко планирање („Службен весник на Република Северна Македонија" број 225/20, 219/21, 104/22 и 99/23).

18. Со урбанистичкото решение одредени се и пристапни рампи до подземното ниво на градбата. Презентирани се и висински коти на рампите, одредени согласно планираната нивелација на станбената улица „5" од важечкиот ДУП и претходно одредената кота на нулта плоча. Вредностите на овие висински коти на пристапните рампи се апроксимативни и се во корелација со одредената кота на нулта плоча и дозволените

минимални отстапувања на оваа кота. Точните вредности ќе се добијат при изработка на основните проекти.

19. Процентот на озеленетост во рамките на парцелата претставува однос помеѓу површината на градежно земјиште наменето за зеленило и вкупната површина на градежното земјиште изразено во проценти.

    Со предлог партерното уредување на градежната парцела 6.1 и урбанистичкото решение од овој урбанистички проект, одредени се површини под ниско, средно и високо зеленило и презентирани се информативни податоци за процент на озеленетост на градежната парцела. При изработка на основните проекти, решението за партерно уредување и зеленило ќе се доразработи, односно усогласи со проектното решение од тие проекти, при што може да се добијат и други вредности за процентот на озеленетост, но истиот не смее да биде под 20% на ниво на градежната парцела, а во склад со одредбите на Законот за урбано зеленило („Службен весник на Република Македонија" број 11/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 42/20).

    Оваа одредба станува составен дел на условите за градење.

20. Зададените вредности со урбанистичкото решение од Планскиот дел на овој Урбанистички проект за површина на градење, бруто развиена површина, процент на изграденост, коефициент на искористеност, катност и височина до хоризонталниот венец на градбите се максимално дозволени вредности. При изработката на основните проекти за новопредвидените градби, може да се проектираат градби и со помала површина, при што не смее да се надминат овие максимални вредности. Во зададените бруто развиена површина и коефициент на искористеност не влегуваат површините од можните пречекорувања на градежните линии.

21. За градежната парцела 6.1 изработено е и предлог на партерно уредување на парцелата. Истото ќе се доразработи при изработката на основниот проект за градежната парцела, односно ќе се усогласи со проектното решение за градбите од тој проект.

22. Со урбанистичкото решение на овој Урбанистички проект, предвидени се и приклучни места на градбите на водовите од комуналната инфраструктура. При изработка на основните проекти, трасите на приклучоците ќе се доразработат, односно ќе се усогласат со проектните решенија за инфраструктурата од тие проекти.

23. Рекламите и огласите не смеат да му пречат на нормалното одвивање на сообраќајот, да му штетат или да го менуваат изгледот на архитектонските објекти и групации ниту да пречат на објектите поставени во јавен интерес како јавно осветлување, градски часовници, табли со имиња на улиците и сл.

24. Согласно дописот од Агенцијата за цивилно воздухопловство „Доставување на податоци и информации" со бр. 12-8/526 од 26.05.2022 год., предметниот простор може да се планира без посебни услови и ограничувања од аспект на безбедноста на цивилниот воздухопловен сообраќај, но со напомена дека доколку се планира изградба на:

    - издвоени антенски столбови со височина поголема од 15m или
    - оџаци со височина поголема од 30m или
    - ветерници или
    - други објекти со височина поголема од 100m,

    потребно е до Агенцијата за цивилно воздухопловство да се достави проектна документација (пред нејзино одобрување) со барање за издавање на согласност со

услови за градба од аспект на безбедноста на воздушниот сообраќај, согласно Член 68 став (2) од Законот за воздухопловството („Службен весник на Република Северна Македонија" број 48/20 – пречистен текст).

25. Проектниот опфат се наоѓа во контактната зона на споменикот на културата – Воена болница во Скопје, за која со изработените Заштитно – конзерваторски основи е пропишан режим на заштита од трет степен. Овој режим на заштита подразбира можност за доградба и надградба на постојните објекти, како и изградба на нови објекти, со габарит и катност што нема да ги нарушуваат визурите на Споменикот.

    Согласно утврдениот режим, како и согласно зададените посебни услови за градежната парцела од важечкиот ДУП, неопходно е:

    - За сите интервенции се задолжува инвеститорот, пред издавање на документација за градба да обезбеди стручно мислење од НУ Конзерваторски центар – Скопје и конзерваторско одобрение од Управата за заштита на културното наследство.

26. Доколку при реализација на Урбанистичкиот проект се појави археолошко наоѓалиште, да се постапи во согласност со одредбите на член 65 од Законот за заштита на културното наследство („Службен весник на Република Македонија" број 20/04, 115/07, 18/11, 148/11, 23/13, 137/13, 164/13, 38/14, 44/14, 199/14, 104/15, 154/15, 192/15, 39/16, 11/18 и 20/19).

За сè што не е регулирано со овие параметри, се применуваат одредбите на општите и посебни услови за градење од важечкиот Детален урбанистички план за Градска четврт З 05 помеѓу Бул. Илинден, Бул. 8-ми Септември, Бул. Партизански одреди и ул. Љубљанска, Општина Карпош, Скопје (Одлука бр. 07-7546/4 од 06.11.2013 год.).

Урбанистичкото решение е целосно во склад со дозволените параметри зададени со важечкиот ДУП.

- Предмет на разработка е градежната парцела 6.1, претходно зададена со важечкиот Детален урбанистички план за Градска четврт З 05 помеѓу Бул. Илинден, Бул. 8-ми Септември, Бул. Партизански одреди и ул. Љубљанска, Општина Карпош, Скопје (Одлука бр. 07-7546/4 од 06.11.2013 год.), со вкупна површина од **4569m²**.
- Градежната парцела е планирана со класа на намена **А2** – Домување во згради.
- Вкупната максимална бруто развиена површина на ниво на проектен опфат е **39219m²**.
- Процентот на изграденост изнесува **69,99%**.
- Коефициентот на искористеност изнесува **8,58**.
- Процентот на озеленетост на градежната парцела изнесува **20,12%**.

Проектното решение на урбанистичкиот проект е основа за понатамошна изработка на основни проекти за градбата.

Наменската употреба на земјиштето во рамките на проектниот опфат може да се претстави табеларно на следниот начин:

НУМЕРИЧКИ ПОКАЗАТЕЛИ ЗА ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА – РЕКАПИТУЛАР НА ПОВРШИНИ		
НАМЕНА	Површина m²	Процент %
А2 - ДОМУВАЊЕ ВО ЗГРАДИ	4569 m²	100,00%
ВКУПНО	**4569 m²**	100,00%

Споредбени нумерички показатели во однос на дозволеното со важечкиот ДУП:

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ПАРЦЕЛИРАНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА РАЗРАБОТКА НА ГП 6.1 ОД ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 05 ПОМЕЃУ БУЛ. ИЛИНДЕН, БУЛ. 8-МИ СЕПТЕМВРИ, БУЛ. ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕДИ И УЛ. ЉУБЉАНСКА, СО НАМЕНА А2 – ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ												
УРБАНИСТИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА	НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА	ГРУПА НА КЛАСИ НА НАМЕНА	ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА		КОМПАТИБИЛНИ КЛАСИ НА НАМЕНА	МАКСИМАЛНО ДОЗВОЛЕН ПРОЦЕНТ НА УЧЕСТВО НА ЗБИРОТ НА КОМПАТИБИЛНИТЕ КЛАСИ НА НАМЕНА ВО ОДНОС НА ОСНОВНАТА КЛАСА НА НАМЕНА	КАТНОСТ	МАКСИМАЛНА ВИСИНА ДО ВЕНЕЦ m	ПОВРШИНА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА m²	ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА m²	БРУТО РАЗВИЕНА ПОВРШИНА m²	ПРОЦЕНТ НА ОЗЕЛЕНЕТОСТ НА ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА
ПАРАМЕТРИ СПОРЕД ДУП З 05 2013 год.	6.1	А	А2	ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ	Б1 (20%), Б2 (30%), Б4 (20%), Б5 (15%), В3 (40%), В4 (10%), Д3 (40%)	40%	П+26+Пк	88,00 m	4569 m²	3543 m²	99204 m²	7,00%
ПАРАМЕТРИ СПОРЕД УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ 2023 год.	6.1	А	А2	ДОМУВАЊЕ ВО ЗГРАДИ	Б1 (20%), Б2 (30%), Б4 (20%), Б5 (15%), В3 (40%), В4 (10%), Д3 (40%)	40%	П+1 П+10 П+16+Пк П+17+Пк	8,80 m 35,20 m 56,20 m 59,20 m	4569 m²	3198 m²	39219 m²	20,12%

Билансни нумерички показатели:

БИЛАНСНИ ПОКАЗАТЕЛИ		ПОСТОЈНА СОСТОЈБА		ПЛАНИРАНА СОСТОЈБА	
1	ПРОЕКТЕН ОПФАТ	4569 m²	100,00%	4569 m²	100,00%
2	**НЗ** - НЕИЗГРАДЕНО ЗЕМЈИШТЕ	4569 m²	100,00%	/	/
3	**А2** - ДОМУВАЊЕ ВО ЗГРАДИ	/	/	4569 m²	100,00%
4	Површина на земјиште под градба	0 m²		3198 m²	
5	Вкупна изградена површина	0 m²		39219 m²	
6	Процент на изграденост на ниво на проектен опфат	0,00%		69,99%	
7	Коефициент на искористеност на ниво на проектен опфат	0,00		8,58	
8	Сообраќајни и поплочени површини со градежната парцела	0 m²	0,00%	452 m²	9,89%
9	Зеленило во градежната парцела	0 m²	0,00%	919 m²	20,12%

ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА 6.1

Намена: **А2** – Домување во згради

Кота на нулта плоча: 251,62 м.н.в. ± 30 cm

Висина на венец: 8,80m; 35,20m; 56,20m; 59,20m

Број на катови: П+1; П+10; П+16+Пк; П+17+Пк

Спроведување: Зададена е површина за градење и приложен Идеен проект; во следна фаза пред реализација потребно е да се изработи основен проект.

Нумерички параметри за градежната парцела и градбата:

УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ ЗА ПАРЦЕЛИРАНО ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ ЗА РАЗРАБОТКА НА ГП 6.1 ОД ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ З 05 ПОМЕЃУ БУЛ. ИЛИНДЕН, БУЛ. 8-МИ СЕПТЕМВРИ, БУЛ. ПАРТИЗАНСКИ ОДРЕДИ И УЛ. ЉУБЉАНСКА, СО НАМЕНА А2 – ДОМУВАЊЕ ВО СТАНБЕНИ ЗГРАДИ, ОПШТИНА КАРПОШ, СКОПЈЕ													
НУМЕРАЦИЈА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА	ГРУПА НА КЛАСИ НА НАМЕНА	ОСНОВНА КЛАСА НА НАМЕНА		КОМПАТИБИЛНИ КЛАСИ НА НАМЕНА	МАКСИМАЛНО ДОЗВОЛЕН ПРОЦЕНТ НА УЧЕСТВО НА ЗБИРОТ НА КОМПАТИБИЛНИТЕ КЛАСИ НА НАМЕНА ВО ОДНОС НА ОСНОВНАТА КЛАСА НА НАМЕНА	КАТНОСТ	МАКСИМАЛНА ВИСИНА ДО ВЕНЕЦ m	ПОВРШИНА НА ГРАДЕЖНА ПАРЦЕЛА m²	ПОВРШИНА ЗА ГРАДБА m²	БРУТО РАЗВИЕНА ПОВРШИНА m²	ПРОЦЕНТ НА ИЗГРАДЕНОСТ %	КОЕФИЦИЕНТ НА ИСКОРИСТЕНОСТ	ПРОЦЕНТ НА ОЗЕЛЕНЕТОСТ НА ГРАДЕЖНАТА ПАРЦЕЛА
6.1	А	А2	ДОМУВАЊЕ ВО ЗГРАДИ	Б1 (20%), Б2 (30%), Б4 (20%), Б5 (15%), В3 (40%), В4 (10%), Д3 (40%)	40%	П+1 П+10 П+16+Пк П+17+Пк	8,80 m 35,20 m 56,20 m 59,20 m	4569 m²	3198 m²	39219 m²	69,99%	8,58	20,12%
						ВКУПНО:		**4569 m²**	**3198 m²**	**39219 m²**	**69,99%**	**8,58**	**/**

2.1.5. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА

2.1.6.1. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА

Согласно Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија" број 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 89/22 и 171/22), заштитата и унапредувањето на животната средина е систем на мерки и активности (општествени, политички, социјални, економски, технички, образовни и др.) со кои се обезбедува поддршка и создавање услови за заштита од загадување, деградација и влијание на / врз медиумите и одделните области на животната средина (заштита од осиромашување на озонската обвивка, спречување на штетната бучава и вибрации, заштита од јонизирачко и од не јонизирачко зрачење, заштита од непријатна миризба и користење и депонирање на отпадоците и друг вид на заштита на животната средина).

Животната средина е простор со сите живи организми и природни богатства, односно природните и создадените вредности, нивните меѓусебни односи и вкупниот простор во кој живее човекот и во кој се сместени населбите, добрата во општа употреба, индустриските и другите објекти, вклучувајќи ги и медиумите и областите на животната средина.

Загадување на животната средина е емисија на загадувачки материи и супстанции, која е резултат на човековата активност, во воздухот, водата или почвата, којашто може да биде штетна за квалитетот на животната средина, животот и здравјето на луѓето или, емисија од која што може да произлезе штета за имотот или која ги нарушува или влијае врз биолошката и пределската разновидност и врз другите пропишани начини на користење на животната средина.

Во доменот на заштитата на животната средина основна цел е преку соодветни плански поставки да се обезбедат услови за непречен развој со истовремено чување на квалитетот на средината за живот и работа.

За остварување на наведената цел, поставките и потребите од заштита на средината се вградуваат во сите домени на урбанистичкото планирање преку проверка и изготвување на современи стандарди и нормативи.

Воздухот е еден од основните елементи за чиста и здрава животна средина, па за негов квалитет неопходно е сите загадувачи, односно сите објекти кои испуштаат штетни материи да користат уреди за пречистување.

Заштитата на квалитетот на атмосферата треба да се остварува преку следните мерки:

- Интегрална контрола на загадувачите на атмосферата (меѓу кои и издувните гасови од моторните возила) и нивното делување и благовремено укажување на критичните метеоролошки појави;
- Примена на соодветни техничко – технолошки мерки;
- Обезбедување услови за ефикасно природно проветрување и користење на доминантни воздушни струења;
- Подигање и оформување на заштитни зелени појаси;
- Комуналната инфраструктура да биде изведена согласно сите технички прописи, така што да нема опасност од загадување на подземните води.

2.1.6.1.1. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ВОЗДУХОТ

Државниот мониторинг систем за квалитет на амбиентниот воздух, се состои од 15 мониторинг станици, од кои три се лоцирани во Скопје, а останатите во другите градови низ Републиката.

Во фазата на изградба на предвидените содржини, можно е да се појават одредени локални и краткорочни влијанија врз квалитетот на амбиентниот воздух. Во оваа фаза, мерките за заштита генерално треба да се фокусираат на техничко ниво, преку примена на незагадувачки и одржливи градежни суровини, помошни материјали, и гориво за механизацијата, како и повторна употреба на отпадните материјали. При проектирање и реализација на сите објекти да се имплементираат принципите на енергетска ефикасност, да се предвидат мерки и активности за зголемено искористување на обновливите извори на енергија, пред се сончевата преку поставување на сончеви колектори, како и да се предвиди соодветно заштитно зеленило (пред сѐ околу сообраќајниците). При избор на вегетацијата да се даде приоритет на видовите (автохтони) со висок биоакумулативен капацитет на загадувачки материи.

За сите објекти и инсталации кои се во фаза на проектирање, изградба, реконструкција или експлоатација, задолжително е почитување на пропишаните гранични вредности за емисија на отпадни гасови и пареи. Исто така, задолжително е почитување на пропишаните гранични вредности за емисија на загадувачки супстанции од подвижни извори на загадување.

2.1.6.1.2. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ВОДИТЕ

Секое дејствие или активност со кое се загадуваат водите или се испуштаат отпадни води или непреземање на дејствие, со кое се овозможува загадување на водите или испуштање на отпадни води е забрането согласно Законот за водите („Службен весник на Република Македонија" број 87/2008, 6/2009, 161/2009, 83/10, 51/11, 44/12, 23/13, 163/13, 180/14, 146/15 и 52/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 151/21).

Во проектниот опфат одведувањето на фекалните отпадни води од објектите е решен со сепарациона канализациона мрежа. Одведувањето на атмосферските води од објектите и внатрешните улици е преку планирана мрежа.

2.1.6.1.3. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА ПОЧВАТА

При изградбата на предвидените содржини во проектниот опфат да се внимава да не дојде до искористување на земјиштето на начин и обем со кој би се загрозиле неговите природни вредности. За време на градежните активности потребно е да се врши контролирано и внимателно отстранување на површинскиот слој од почвата, ре-употреба на вишокот земјен материјал од ископите, организирано управување со отпадот. Исто така потребно е да се обезбеди вегетациски покривач на почвата околу новоизградените содржини. Со плановите за хортикултура да се утврдат исклучиво декоративни насади.

Со имплементација на предвидените мерки за управување со отпадот, отпадните води, масти, масла, горива, како и со доследно почитување на законската регулатива, ќе се спречи или намали ризикот од загадување на почвата.

2.1.6.1.4. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД БУЧАВА

Во насока на минимизирање на бучавата се препорачува употреба на современа механизација во периодот на изградба на предвидените објекти во проектниот опфат и примена на висококвалитетни изолациски материјали. Изведувачите треба да ги почитуваат роковите за градба дадени од надлежниот орган, правилна организација на градежните активности и

почитување на работното време, со цел намалување на вкупното време за градежни активности. Работното време и правила да се воспостават врз основа на потребите за намалување на бучавата.

Дополнително, како мерка за контрола и мониторинг на бучавата, потребно е имплементирање на одредбите од Законот за заштита од бучава во животната средина („Службен весник на Република Македонија" број 79/07, 124/10, 47/11, 163/13 и 146/15 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 151/21), преку подготовка на стратешка карта за бучава и класификација на територијата на општината според степенот на заштита од бучава.

2.1.6.1.5. МЕРКИ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ОТПАДОТ

Создавачите на отпад се должни во најголема можна мера, да го избегнат создавањето на отпад и да ги намалат штетните влијанија на отпадот врз животната средина, животот и здравјето на луѓето.

Во фазата на изградба неопходно е воспоставување на ефикасен систем за правилно управување со сите видови и количества на отпад што ќе се создадат. При управување со отпадот по претходно извршената селекција, отпадот треба да биде преработен по пат на рециклирање, повторно употребен во истиот или во друг процес за екстракција на секундарните суровини или пак да се искористи како извор на енергија. После соодветниот третман отпадот да се одложи со контролиран транспортен систем на постојната депонија. Создавачот и/или имателот на отпадни материи и емисии ќе ги сноси сите трошоци за санација на евентуално предизвиканите нарушувања во животната средина.

2.1.6.1.6. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА НА БИОДИВЕРЗИТЕТОТ

Основен услов за намалување на влијанијата врз флората и фауната е примената на предвидените мерки за правилно управување со просторот, воздухот, водите, почвата, нивоата на бучава и отпадот.

При реализација на активностите на терен да се избегне прекумерно искористување или губење на биолошките ресурси и модификација и фрагментација на природните живеалишта, со цел да се намалат или целосно елиминираат негативните последици врз стабилноста на екосистемите на анализираното подрачје.

2.1.6.2. МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Со Законот за заштита и спасување („Службен весник на Република Македонија" број 36/2004, 49/2004, 86/2008, 124/10, 18/11, 41/14, 129/15, 71/16, 106/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 215/21) се уредува системот за заштита и спасување на луѓето, животната средина, материјалните добра, природните богатства, животинскиот и растителниот свет и културното наследство од природни непогоди и други несреќи во мир, вонредна состојба и воена состојба во Република Македонија.

Согласно Законот за заштита и спасување, Законот за управување со кризи („Службен весник на Република Македонија" број 29/2005, 36/11, 41/14, 104/15, 39/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" број 215/21) и Законот за пожарникарството („Службен весник на Република Македонија" број 67/2004, 81/2007, 55/13, 158/14, 193/15 и 39/16 и Службен весник на Република Северна Македонија, број 152/19), задолжително треба да се применуваат мерките за заштита и спасување.

Заштитата и спасувањето во Републиката се организира како единствен систем за откривање и спечување на настанувањето на последиците од настанатите природни и други несреќи и давање на помош во мир, вонредна состојба и воена состојба.

Заштитата и спасувањето претставува поврзан процес за планирање, програмирање, организирање, раководење, командување, координирање, спроведување, финансирање и надзор за навремена и ефикасна превенција како и подготвување, дејствување и отстранување на причините и последиците од природни непогоди и други несреќи.

Заштитата и спасувањето е работа од јавен интерес.

Заштитата и спасувањето во Републиката ги организираат и спроведуваат државните органи, органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, јавните претпријатија, јавните установи и служби, трговски друштва, здруженија на граѓани, граѓаните и силите за заштита и спасување, на начин уреден со овој закон, прописите донесени врз основа на овој закон, како и нормативите, стандардите и правилата на техничката практика.

Субјектите дадени погоре се должни да организираат заштита и спасување на своите вработени и луѓето затекнати во објектите во моментот на настанување на природната непогода или друга несреќа.

Организацијата на мерките за заштита и спасување опфаќа планирање и подготвување на активности за спроведување на мерките за заштита и спасување.

Спроведувањето на мерките за заштита и спасување од членот 61 на Законот за заштита и спасување, посебно за секоја мерка, со уредба го уредува Владата на Република Македонија.

Органите на државната управа, органите на единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите и службите, се должни да ја предвидат и планираат организацијата на спроведувањето на мерките за заштита и спасување и да спроведат мерки кои се во функција на превенцијата.

Во функцијата на превенцијата се следниве мерки и активности:

- изработка на Процена на загрозеност за можни опасности и План за заштита и спасување од проценети опасности,
- вградување на предвидените и планираните мерки за заштита и спасување во редовното планирање и работа,
- уредување на просторот и изградба на објектите, во функција на заштита и спасување,
- воспоставување на организација и систем потребни за заштита и спасување,
- обезбедување на материјална база, персонал и други ресурси потребни за извршување на планираната организација.

Методологијата за содржината и начинот на проценувањето на опасностите и планирање на заштитата и спасувањето, како и нормативите и стандардите врз основа на кои се определуваат државните органи и другите правни лица кои се должни да донесат план за заштита и спасување ги утврдува Владата.

Мерките за заштита и спасување задолжително се применуваат:

- при планирањето и уредувањето на просторот и населбите,
- во проектите, за објекти и технолошки процеси наменети за складирање, производство и употреба на опасни материи, нафта и нејзини деривати, енергетски гасови, јавниот сообраќај, црна и обоена металургија, како и за јавна, административна, културна, туристичко – угостителска дејност и
- при изградба на објекти и инфраструктура.

За ефикасна заштита на населението и материјалните добра, граѓаните на Републиката, единиците на локалната самоуправа, трговските друштва, јавните претпријатија, установите

задолжително обезбедуваат средства за лична и колективна заштита, материјално-технички средства потребни за спроведување на мерките за заштита и спасување и за силите за заштита и спасување и соодветно обучен персонал.

Една значајна мерка за заштита и спасување која треба да се почитува во функција на превенција и во функција на заштитата и спасувањето е и уредувањето на просторот и изградбата на објектите согласно сите технички прописи за таков вид на градби.

Во архитектонско – урбанистичкиот проект опфатени се дел од предвидените урбанистичко – технички и хуманитарни мерки за заштита и спасување, согласно намената, согласно член 61 од Законот за заштита и спасување и подзаконските уредби и други правни прописи од оваа проблематика.

Урбанистичко – технички мерки се:

1. Засолнување;
2. Заштита и спасување од поплави;
3. Заштита и спасување од пожари, експлозии и опасни материи;
4. Заштита од неексплодирани убојни и други експлозивни средства;
5. Заштита и спасување од урнатини;
6. Заштита и спасување од техничко-технолошки несреќи;
7. Спасување од сообраќајни несреќи.

Хуманитарни мерки се:

8. Евакуација;
9. Згрижување на загрозеното и настраданото население;
10. Радиолошка, хемиска и биолошка заштита;
11. Прва медицинска помош;
12. Заштита и спасување на животни и производи од животинско потекло;
13. Заштита и спасување на растенија и производи од растително потекло и
14. Асанација на теренот.

При понатамошната изработка со проекти како и при изградба на градбите, мерките за заштита и спасување задолжително треба да се разработуваат детално и истите да се вградат, согласно член 7 од Уредбата за начинот на применување на мерки за заштита и спасување, при планирањето и уредувањето на просторот и населбите, во проектите и при изградба на објектите, како и учество во техничките прегледи („Службен весник на Република Македонија" број 105/05).

Мерките за заштита и спасување се однесуваат на заштита од природни непогоди и други несреќи, во мир и во војна и од воени дејствија.

Природни непогоди се земјотреси, поплави, лизгање на земјиште, снежни лавини и наноси, голомразица, град, суша кои со природни неконтролирани сили ја загрозуваат животната средина, животот и здравјето на луѓето, материјалните добра, животинскиот и растителниот свет и културното наследство.

Други несреќи се настани кои се резултат на одредени превиди и грешки во извршувањето на секојдневните стопански и други активности, како и невнимание при ракување со опасни материи и средства за производство, складирање и транспорт на истите (пожари, големи несреќи во патниот, железничкиот и воздушниот сообраќај, несреќи во рудници, индустриски несреќи предизвикани од експлозии и други техничко – технолошки причини, паѓање на радиоактивни врнежи, прашини и талози, излевање на нафта и нафтени деривати, и други отровни хемикалии, експлозии на гасови, запаливи течности и гасови, како и други отровни хемикалии, експлозии на

гасови, запаливи течности и гасови, како и други горливи матери кои со воздухот создаваат експлозивни смеси и други експлозивни материјали од поголем размер).

Дел од природните непогоди и другите несреќи можат да се јават и во границите на проектниот опфат.

2.1.6.2.1. ЗАСОЛНУВАЊЕ

Согласно член 62 од Законот за заштита и спасување, засолнувањето опфаќа планирање, изградба и користење на јавните засолништа, одржување и користење на изградените засолништа и на другите заштитни објекти за заштита на населението, материјални добра и културното наследство во Републиката.

Јавните засолништа се планираат согласно со програмата на Владата за мерките за заштита и спасување и програмата на единицата на локалната самоуправа Општина Карпош за мерките за заштита и спасување и истите се вградени во урбанистичките планови.

Начинот на изградба на јавните засолништа и одржувањето и користењето на веќе изградените засолништа и другите заштитни објекти и определување на потребниот број на засолнишни места со Уредба се утврдува од Владата („Службен весник на Република Македонија" број 153/10).

Организација и спроведувањето на засолнувањето е определено со Уредбата за спроведување на засолнувањето („Службен весник на Република Македонија" број 93/05).

Обврска за планирање, подготвување на активности за спроведување и спроведување на засолнувањето имаат органите на државната управа, органите на општините, односно градот Скопје, јавните претпријатија, установите и службите и трговските друштва.

На инвеститорите на објекти за кои во Законот со заштита и спасување е утврдена обврска за изградба на засолништа, надлежниот орган на општината односно органот на државната управа надлежен за вршење на работите од областа на уредување на просторот, им го определува потребниот број на засолнишни места, што инвеститорот треба да ги изгради во објектот што го гради или надвор од него, според условите за градење, а врз основа на Мислењето од Дирекцијата за заштита и спасување кое е составен на проектната документација.

2.1.6.2.2. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОПЛАВИ

Заштитата и спасувањето од поплави опфаќа регулирање на водотеците, изградба на заштитни објекти, одржување и санирање на оштетените делови на заштитните објекти, набљудување и извидување на состојбите на водотеците и високите брани, заштитните објекти и околината, обележување на висинските коти на плавниот бран, навремено известување и тревожење на населението во загрозеното подрачје, спроведување на евакуација на населението и материјалните добра од загрозеното подрачје, обезбедување на премин и превоз преку вода, спасување на загрозените луѓе на вода и под вода, црпење на водата од поплавените објекти и извлекување на удавените, обезбедување на населението во поплавените подрачја со основните услови за живот и учество во санирање на последиците предизвикани од поплавата.

Во непосредна близина на проектниот опфат нема природни и вештачки водотеци и водостои.

Најблискиот природен вододек е Река Вардар, чие регулирано корито е лоцирано на најблиско растојание од ≈1 km северно од проектниот опфат. При тоа, на оваа најблиска точка (кај мостот „8-ми Септември") котата на мајор коритото на Река Вардар е ≈249,5 м.н.в, што е за

≈2m пониско ниво од теренот во проектниот опфат. Нивото на подземни води во проектниот опфат е ≥ 8m.

Оттука, може да се заклучи дека ризикот од поплави во проектниот опфат е минимален.

2.1.6.2.3. ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ ОД ПОЖАРИ, ЕКСПЛОЗИИ И ОПАСНИ МАТЕРИИ

При изработката на Основните проекти предвидени се пропишани мерки за заштита од пожари, согласно член 68 Законот за заштита и спасување и Законот за пожарникарството, како и Правилникот за мерките за заштита од пожари, експлозии и опасни материи („Службен весник на Република Северна Македонија" број 231/20), Правилникот за суштинските барања за заштита од пожар на градежните објекти („Службен весник на Република Македонија" број 94/09), Правилникот за техничките нормативи за хидрантската мрежа за гаснење на пожари („Службен весник на Република Македонија" број 26/18), Правилникот за суштински барања за градежните објекти („Службен весник на Република Македонија" број 74/06), Правилник за поблиско определување на изборот на видовите и на количините на противпожарните апарати со кои треба да располагаат правните лица и граѓаните, како и критериумите што треба да ги исполнуваат правните лица кои што вршат сервисен преглед и контролно испитување на противпожарните апарати, кои се однесуваат на техничката опрема и просторот за работа („Службен весник на Република Македонија" број 26/18), Правилникот за начинот на определување на места на кои задолжително треба да се наоѓаат уредите и инсталациите за заштита од пожари, другата противпожарна опрема, средствата за гасење на пожари и противпожарните апарати, нивното одржување во исправна состојба, посебното обележување и достапност за употреба („Службен весник на Република Македонија" број 74/06 и 76/07) и други позитивни прописи со кои е регулирана оваа проблематика.

